Врз основа на член 5 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 55/07, 145/10 и 136/11), Советот на Град Скопје, на шеесет и првата седница одржана на 23 март 2012 година утврди

Në bazë të nenit 5 të Ligjit për përcaktimin e emrave të rrugëve, shesheve, urave dhe objekteve të tjera infrastrukturore (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 66/04, 55/07, 145/10, dhe 136/11), Këshilli i Qytetit të Shkupit, në seancën e gjashtëdhjetenjëtë të mbajtur më 23 mars 2012, përcaktoi

Л И С Т А
на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти

L I S T Ë
të emrave të rrugëve, shesheve, urave dhe objekteve të tjera infrastrukturore

| **Р.бр. Numri rendor** | **ПРЕДЛОГ PROPOZIM** | **ОПИС / ПРИДОНЕС / ВАЖНОСТ ПЁRSHKRIMI / KONTRIBUTI / RËNDËSIA** |
|---|---|---|
| **1.** | **„28 Септември “**<br>**„28 Shtatori “** | Ден на Бошњаците<br>Dita e boshnjakëve |
| **2.** | **13 Август – Охридски договор**<br>**13 Gushti – Marrëveshja e Ohrit** | На 13. 08. 2001 год. лидерите на партиите од широката коалиција, претседателот на Државата Борис Трајковски и претставниците на меѓународната заедница го потпишаа Охридскиот рамковен договор. Потпишаниот Рамковен договор е имплементиран во Уставот на Р. Македонија.<br>Më 13. 08. 2001, liderët e partive të koalicionit të gjerë, kryetari i shtetit Boris Trajkovski dhe përfaqësuesit e bashkësisë ndërkombëtare e nënshkruan Marrëveshjen kornizë të Ohrit. Marrëveshja e nënshkruar është |

| | | |
|---|---|---|
| | | implementuar në Kushtetutën e Maqedonisë. Më 13. 08. 2001, liderët e partive të koalicionit të gjerë, kryetari i shtetit Boris Trajkovski dhe përfaqësuesit e bashkësisë ndërkombëtare e nënshkruan Marrëveshjen kornizë të Ohrit. Marrëveshja e nënshkruar është implementuar në Kushtetutën e Maqedonisë. |
| **3.** | **23 Октомври**<br>**23- Tetori** | Формирање на македонската револуционерна организација во Солун 1893-та година.<br>Formimi i organizatës revolucionare maqedonase në Selanik në vitin 1893 |
| **4.** | **28 Ноември**<br><br>**28 Nëntori** | 28 Ноември - Ден на албанското знаме.<br><br>28 Nëntori – Dita e flamurit shqiptar. |
| **5.** | **4 Декември**<br><br>**4 Dhjetori** | На 4 декември 1880 год. од силите Призренска национална лига, предводена од Јашар бег Шкупи се ослободи престолнината на Косовскит вилает- Скопје. Ослободувањто на Скопје имало широк одек во албанската и пошироката европска јавност. По ослободувањето на Скопје, се ослободија и други градови на Косовскиот вилает. Во Скопје се смести и Генералниот штаб на полицијата на Призренската лига. Од конзулите кои давале информации за ситуацијата во Скопје било оценето дека владее ред и мир и дека органите на редот именувани од Призренската лига радосно се прифатени од месното население, без верски или етнички разлики.<br><br>Më 4 dhjetor të vitit 1980, prej forcave të Lidhjes së Prizrenit, të udhëhequra nga Jashar Bej Shkupi u çlirua kryeqendra e Vilajetit të Kosovës, Shkupi. Çlirimi i Shkupit kishte një jehonë të madhe në opinionin e gjerë shqiptar dhe atë evropian. Pas çlirimit të Shkupit u çliruan edhe qytete të tjera të Vilajetit të Kosovës. Në Shkup u vendos edhe shtabi i përgjithshëm i policisë së Lidhjes së Prizrenit. Prej konsullatave të ndryshëm që informonin për situatën në Shkup vlerësohej se sundoi rendi dhe paqja dhe se organet e mirëmbajtjes së rendit të emëruar nga Lidhja e Prizrenit ishin të mirë pranuar nga ana e popullatës vendase, pa dallime fetare ose etnike. |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | **5 Мај**<br><br>**5 maji** | Ден на паднатите херои на Албанија.<br><br>Dita e dëshmorëve të Shqipërisë. |
| **7.** | **Абдул Фрашери**<br><br>**Abdyl Frashëri** | Абдул Фрашери е роден во Фрашер (Пермет) во една мала спахиска фамилија. Детството го поминал во родното село до 18 година од животот тогаш со работа се преместува во Јанина. Како претседател на Албанскиот комитет на Јанина формиран истата година, го составил проектот за објавување на независноста на Албанија преку ослободителното востание против Отоманската империја. На крајот од 1877 год. Абдул Фрашери (во тоа време пратеник на Јанина во вториот османлиски парламент), бил избран за претседател на Централниот комитет за одбрана на правата на Албанскиот народ формиран во Истанбул (Истанбулски комитет). Како негов председател тој дал голем придонес за изработката на политичката платформа што било прифатено од страна на Националното движење на албанците. Бил осуден на смртна казна од страна на Отоманскиот специјален суд, но казната му е заменета со доживотна робија. Меѓутоа, откако одлежал казна затвор од 3 години и интернација од 20 месеци, поради здравствени причини е осободен, но под услов да се откаже од политичката дејност. Иако болен и изолиран, тој ја продолжил својата дејност до смртта во Истамбул на 23 октомври 1892 година. Неговите мошти во 1978 год. се донесени во Тирана.<br><br>Abdyl Frashëri ka lind në Frashër (Përmet) në një familje të vogël të spahinjve. Abdyl Frashëri, pjesën e parë të jetës e kaloi në vendlindje deri në moshën 18 vjeçare, kur me punë shpërngulet në Janinë. Si kryetar i Komitetit shqiptar në Janinë që u formua po të njëjtin vit, ai përpiloi projektin për shpalljen e pavarësisë së Shqipërisë përmes kryengritjes çlirimtare kundër perandorisë osmane. Në fund të vitit 1877 Abdyl Frashëri (atëkohë deputet i Janinës në parlamentin e dytë osman), zgjidhet për kryetar të Komitetit qendror për mbrojtje të drejtave të popullit shqiptarë që u formua në Stamboll (Komiteti i Stambollit). Si kryetar i Komitetit ai dha kontribut të madh për përpilimin e platformës politike të cilën e pranoi Lëvizja kombëtare shqiptare. Ai u dënua me vdekje nga ana e |

| | | |
|---|---|---|
| | | Gjykatës së specializuar osmane,por dënimi i zëvendësohet me burgim të përjetshëm. Megjithatë, pasi që vuajti burgun prej 3 viteve dhe internimin prej 20 muajve, për shkaqe shëndetësore ai lirohet, por me kusht që të pushoj veprimtarinë politike. Edhe përskaj izolimit dhe sëmundjes, ai vazhdoi veprimtarinë deri në vdekjen e tij në Stamboll më 23 tetor të vitit 1892. Eshtrat e tij u sollën në Tiranë në vitin 1978. |
| **8.** | **Адам Смит<br>Adam Smit** | Адам Смит е шкотски филозоф и пионер на политичката економија (1723-1790) има напишано повеќе познати дела, а најпознато негово дело е “Богатството на народите” кое се смета за прва модерна работа од областа на економијата.<br>Filozof skocez dhe pionier i ekonomisë politike (1723-1790) ka shkruar më shumë vepra të njohura, kurse vepra e tij më e njohur është “Pasuria e popujve” e cila llogaritet si puna e parë moderne nga sfera e ekonomisë. |
| **9.** | **Адем Кастрати<br>Adem Kastrati** | Адем Кастрати, во светот на културата повеќе е познат како ликовен уметник, но тој бил добар познавач на историјата, културата, фолклорот и етнографијата, книжевен творец на раскази и драми. Адем Кастрати бил голем собирач на фолклорот, тој е литературен творец, драмски автор, племист и тн.<br>Adem Kastrati, në botën e kulturës, më shumë njihet si artist i artit figurativ, por ai ka qenë edhe njohës i mirë i historisë, kulturës, folklorit dhe etnografisë, krijues letrar i rrëfimeve dhe dramave. Adem Kastrati ka qenë koleksionues i pa shoq i folklorit, ai është krijues i artit dramatik, plemist dhe etj. |
| **10.** | **Азем Марана<br>Azem Marana** | Азем Марана, основното образование го завршил во селото Моране, средното во Медресата „Иса Бег“ во Скопје. Студиите ги започнал во Медресата „Гази Иса Бег“ во 1940 година. Подоцна се запишал во Вишата педагошка школа „Сами Фрашери“. Како учител во село Гајре, општина Тетово, работи од 1942 година до 1944 година. Од декември 1944 година до 1946 работел како учител во основното училиште „Лирија“ Скопје. Во текот на периодот септември – ноември 1944 работи како новинар во весникот „Зани и Шарит“, Тетово. Тој е избран за секретар на Националниот комитет на албанската демократија во Скопје. Го приведуваат од страна на ОЗНА на 22 јули 1946, додека на 7 февруари 1946 му се изрекува смртна казна од страна на Окружниот суд во Скопје.<br><br>Azem Marana, arsimin fillor e përfundon në fshatin Moranë, shkollën e mesme në Medresenë “Isa Beu” në Shkup. Studimet i fillon në Medresenë “Gazi Isa Beu” në |

| | | |
|---|---|---|
| | | vitin 1940. Më vonë regjistrohet në Shkollën e lartë të pedagogjisë “Sami Frashëri”. Si mësues në fshatin Gajre, komuna e Tetovës, punon prej vitit 1942 deri në vitin 1944. Prej muajit dhjetor të vitit 1944 deri në vitin 1946 punon si mësues në shkollën fillore “Liria” Shkup. Gjatë periudhës së muajve shtator – nëntor 1944 ai punon si gazetar në gazetën “Zani i Sharit”, Tetovë. Ai zgjidhet për sekretar të Komitetit kombëtar të demokracisë shqiptare në Shkup. Azem Marana arrestohet nga ana e OZNA më 22 korrik të vitit 1946, kurse më 7 shkurt të vitit 1946 atij i shqiptohet dënimi me vdekje nga ana e Gjykatës së rrethit në Shkup. |
| **11.** | **Азем Хајдари**<br>**Azem Hajdari** | Азем Хајдари е роден на 11 март 1963 година. Основното и средното образование ги завршил во родното место. Во 1993 година завршил студии отсек филозофија на Универзитетот во Тирана. Во 1995год. дипломирал на Правниот факултет на Универзитетот во Тирана. Во периодот од 1993 – 1994, студира англиски јазик и филозофија во Соединетите Американски држави. Во 1996 година дипломирал политички студии за обезбедување и заштита, во Грамих, Германија, на универзитетите организирани од страна на Северно-Атлантската Организација. Во периодот декември 1990 – февруари 1991, бил лидер на студентските движења кои ја срушија комунистичката диктатура во Албанија. Тој е избиран за претседател на Управната комисија на Демократската партија на Албанија, првата опозициона партија по 50 години диктатура. Од 1991 – 1993год. е заменик претседател на Албанската демократска партија и член на нејзиното раководство. На 31 март 1991год.е пратеник на АДП за Скадар; 22 март 1992, пратеник на АДП за Шијак; 26 мај пратеник на АДП за Булќиза; 29 јуни пратеник на АДП за Тропоја; 1992 – 1996год. е претседател на Парламентарната комисија за јавниот ред и ШИК; Во ноември 1996год.е избран за претседател на Независните албански синдикати; Во јуни 1997год. за претседател на Парламентарната комисија за национална заштита. Од 1995 до 1998, претседател на Фудбалскиот клуб „Влазниа“ од Скадар, претседател на Албанската федерација на албанските боречки вештини; Во 1990 – 1998 бил цел на 5 атентата од кои два спектакуларни, во албанскиот парламент во септември 1997 и атентатот во Тропоја во јуни 1998год.. На 12 септември 1998 Азем Хајдари, ќе биде |

| | | |
|---|---|---|
| | | убиен од страна на униформирани лица, пред седиштето на Албанската демократска партија.<br><br>Azem Hajdari ka lindur më 11 mars të vitit 1963. Arsimin fillor dhe të mesëm i kreu në vendlindje. Gjatë vitit 1993 i përfundon studimet në departamentin e filozofisë, Universiteti i Tiranës. Në vitin 1995, diplomon në Fakultetin juridik në Universitetin e Tiranës. Në periudhën e viteve 1993-1994 studion gjuhën angleze dhe filozofi në Shtetet e Bashkuara të Amerikës. Në vitin 1996 diplomon në studimet politike për siguri dhe mbrojtje, në Gramih Gjermani, në universitetet e organizuara nga ana e Organizatës Veri Atlantike. Në periudhën e muajit dhjetor 1990 – shkurt 1991 ai është udhëheqës i lëvizjeve studentore që rrënuan diktaturën komuniste në Shqipëri. Ai zgjidhet për kryetar të Komisionit drejtues të Partisë Demokratike të Shqipërisë, partisë së parë opozitare pas 50 viteve të diktaturës; 1991 – 1993 zëvendës kryetar i Partisë demokratike të Shqipërisë dhe anëtar i udhëheqjes së saj. 31 mars 1991 deputet i PDSH nga Shkodra; 22 mars 1992 deputet i PDSH nga Shijaku; 26 maj deputet i PDSH nga Bulqiza; 29 qershor deputet i PDSH nga Tropoja; 1992 – 1996 Kryetar i Komisionit parlamentar për siguri publike SHIK; Nëntor 1996, kryetar i sindikatave të pavarura shqiptare; qershor 1997, Kryetar i Komisionit parlamentar për mbrojtje kombëtare. Prej vitit 1995 deri në vitin 1998, kryetar i Klubit të Futbollit "Vllaznia" nga Shkodra. Kryetar i Federatës shqiptare të sporteve luftarake; 1990 – 1998 do të jetë në shënjestër të pesë atentateve prej të cilëve dy dallohen si spektakolare, ai në kuvendin e Shqipërisë në muajin shtator të vitit 1997 dhe atentati në Tropojë në muajin qershor të vitit 1998. Më 12 shtator të vitit 1998, Azem Hajdari do të vritet nga ana e personave të uniformuar, para selisë së Partisë Demokratike të Shqipërisë. |
| **12.** | **Албанските национал демократи**<br><br>**Nacional Demokratët Shqiptarë** | Програмата на оваа политичко-воена организација претставува продолжение на националната програма на Призренската лига на албанците. Тие се поставија во одбрана на албанската популација од комунистичката политика. Целта на борбата е албанците да се ориентираат кон политиките на европските демократии. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Programi i kësaj organizate politike – ushtarake paraqiste një vazhdimësi të programit komnëtarë të Lidhjes së Prizrenit. Ata i dolën në mbrojtje popullatës shqiptare prej politikës komuniste. Lufta e saj kishte për synim që shqiptarët të orientohen drejtë politikave demokratike evropiane. |
| 13. | **Алберт Сониксен**<br>**Albert Soniksen** | Вклучен е во полза на движењето на угнетените во Македонија, секретар на Македонскиот комитет во Њујорк, подоцна македонски четник во четите на ВМРО. Автор на книгата - Исповед на еден македонски четник.<br>Është përfshirë në dobi të lëvizjes urgjente në Maqedoni, sekretar i komitetit maqedonas në Nju Jork, më vonë çetniku maqedonas në çetat e VMRO-së. Autor i librit – Rrëfimi i një çetniku maqedonas. |
| 14. | **Александар Грличков**<br>**Aleksandar Grliçkov** | (Штип,18.01.1923 – Струга,26.07.1989 ) – државник ,политички деец,економист и теоретичар.Учествувал во НОБ од 1942 година. Бил директор на Заводот за планирање,министер за финансии,потпретседател и претседател на Извршниот совет на СРМ,член и потпретседател на Сојузниот извршен совет.Долгогодишен професор на Економскиот факултет на Скопскиот универзитет како и професор на Белградскиот универзитет.Предавал и на постдипломските студии на Загребското свеучилиште.Уредник е на „Економската енциклопедија“ и на популарната енциклопедија на БИГЗ.Бил претседател на Советот на списанијата „Социјализмот во светот“ и „Економска политика“ како и главен и одговорен уредник на списанието „Социјализам“.Неговите дела се преведени на повеќе странски јазици,меѓу кои и на кинески.Во економијата се залага за пазарното стопанство,а во политиката за политички плурализам и против еднопартискиот монопол.<br><br>(Shtip, 18.01.1923 – Strugë, 26.07.1989) – burrë shteti, veprimtarë politik, ekonomist dhe teoriticientë. Pjesëmarrës në LNÇ nga viti 1942. Ai ka qenë drejtor i Entit për planifikim, ministër për financa, nënkryetar dhe kryetar i Këshillit ekzekutiv të RSM, anëtarë dhe nënkryetar i Këshillit ekzekutiv federal. Profesot shumëvjeçar në Fakultetin e ekonomisë në Universitetin e Shkupit dhe si profesor në Universitetin e Beogradit. Ai ka |

| | | |
|---|---|---|
| | | ligjëruar i studimeve post diplomike në Universitetin e Zagrebit. Ai ka qenë redaktor i "Enciklopedisë ekonomike" dhe i enceklopedisë së njohur të BIGZ. Ai ka qenë kryetar i Këshillit të revistës "Socializmi në botë" dhe "Politika ekonomike" si dhe redaktor kryesor dhe përgjegjës i revistës "Socializmi". Veprat e tij janë të përkthyer në më shumë gjuhë të huaja, në mesin e të cilëve edhe në gjuhën kineze. Në ekonomi ai orvatet për ekonominë tregtare kurse në politikë për pluralizëm politik dhe kundër monopolit njëpartiak. |
| **15.** | **Александар Квашњевски Aleksandar Kvashnjevski** | Полски претседател (1995 –2005) за чие време на владеење Македонија беше призната под уставното име на 11.08.2005 од страна на Република Полска. Со тоа Полска станува првата членка на ЕУ која ја призна Македонија по уставното име.<br>Kryetari i Polonisë (1995 – 2005) për kohën e sundimit të cilit Maqedonia u pranua me emrin kushtetues në vitin 11.08.2005 nga ana e Republikës së Polonisë. Me këtë Polonia u bë anëtarja e parë e BE-së e cila e pranoi Maqedoninë me emrin kushtetues. |
| **16.** | **Александар Матковски Aleksandar Matkovski** | Прв доктор на историски науки од Македонија и прв историчар ориенталист (1922-1992). Бил член на МАНУ од 1985 година. Има издадено повеќе книги меѓу кои и „Грбовите на Македонија".<br>Doktor i parë i shkencave historike nga Maqedonia, si dhe historiani i parë orientalist (1922-1992). Ka qenë anëtar i AMSHA-së nga viti 1985. Ka botuar shumë libra mes të cilave edhe librin „Varrezat e Maqedonisë". |
| **17.** | **Александар Сариевски Aleksandar Sarievski** | Еден од најпознатите македонски пејачи и композитори (1922-2002). Сариевски е еден од основачите на ансамблот „Танец".Сариевски е еден од најголемите амбасадори на автентичната култура на македонскиот народ.<br>Një nga këngëtarët dhe kompozitorët më të njohur maqedonas (1922-2002). Sarievski është njëri nga themeluesit e ansamblit „Tanes". Sarievski është njëri nga ambasadorët më të mëdhenj të kulturës autentike të popullit maqedonas. |
| **18.** | **Александар Федорович-Ритих Aleksandar Fedorovic- Ritih** | Познат руски научник кој тврдел дека Македонците треба да се третираат како посебен народ.<br>Shkencëtar i njohur rus, i cili ka theksuar se Maqedonasit duhet trajtuar si popull i veçantë. |
| **19.** | **Аминта III Aminta III** | Аминта III (или II), син на Архидеј и дедо на Александар Македонски, бил крал на Античка Македонија од 393 п.н.е. (или 389) до 369 п.н.е.Од својата жена, Евридика II имал три сина, кои подоцна станаа македонски кралеви: Александар II, Пердика III |

| | | |
|---|---|---|
| | | и Филип II Македонски.<br><br>Aminta III (ose II), i biri i Arhidej dhe gjyshi i Aleksandrit të Madh, ka qenë mbret i Maqedonisë antike nga viti 393 p.e.s. (ose 389) deri më vitin 369 p.e.s.Nga gruaja e tij, Euridika II ka pas tre djem, nga të cilët të gjithë më vonë u bënë mbretër të Maqedonisë: Aleksandri i II, Perdika III dhe Filipi i II i Maqedonisë |
| **20.** | **Ана Франк<br>Ana Frank** | Анели Мари „Ана“ Франк (12 јуни 1929 - почетокот на март 1945) била германско девојче од еврејско семејство од градот Франкфурт. Светска слава стекнала благодарение на своите дневници во кои ја опишала германската окупација на Холандија за време на Втората светска војна. Ана Франк станала една од најчесто споменуваните личности од жртвите на Холокаустот.<br><br>Aneli Mari „Ana” Frank (12 qershor 1929 – fillimi i marsit 1945) ka qenë vajzë nga gjermania nga një familje çifute nga qyteti i Frankfurtit e cila ka fituar famë botërore duke iu falënderuar ditarëve të saj, në të cilët ajo ka përshkruar okupimin gjerman në Holandë gjatë kohës së Luftës së dytë botërore. Ana Frank u bë njëra nga personalitetet më shpesh të potencuar nga viktimat e Holokaustit. |
| **21.** | **Анастас Караташо<br>Anastas Karatasho** | Македонски борец кој потекнува од Егејска Македонија и дејствува во периодот пред илинденскиот период. Бил еден од водачите на Негошовото востание .<br>Luftëtar maqedonas i cili rrjedh nga Maqedonia e Egjeut dhe vepron në periudhën para Ilindenit. Ka qenë njëri nga udhëheqësit e kryengritjes së Negoshit.<br>vepron në |
| **22.** | **Анатолиј Зографски<br>Anatolij Zografski** | Роден во Лазарополе,Македонија.Завршил Духовна академија.<br>Архимандрит на Зограскиот манастир во Света Гора. Повеќе од петнаесет години бил на царскиот двор во Русија за време на императорот Николај I. Бил еден од најуважаните духовници на царското семејство,станувајки кум на децата на императорот.Во триесеттите години, кога Грција и Србија се стекнале со државност,Анатолиј молел и Македонија да се ослободи од турското ропство. Анатолиј Зографски како врвен црковен певец и како духовно посветено и образовано лице бил почитуван како духовен татко во царското семејство .По неговата смрт на Света Гора на гробот на упокоениот старец дошле синовите на Николај I (идни руски императори), да се поклонат и да запалат свеќа за почитуваниот и сакан духовен отец.<br>I lindur në Lazaropole, Maqedoni. Ka kryer akademinë shpirtërore.<br>Arhimandrit i manastirit të Zograsiot në Malin e shenjtë. Ka |

| | | |
|---|---|---|
| | | qendruar më shumë se pesëmbëdhjetë vite në oborrin mbretërorë në Rusi gjatë kohës së imperatorit Nikolaj i I-rë. Ka qenë njëri nga ideatorët më të respektuar të familjes mbretërore, duke e bërë edhe kumbarë të fëmijëve të perandorit. Në vitet e tridhjeta, kur Greqia dhe Serbia kanë fituar pavarësinë, Anatolij ka lutur që edhe Maqedonia të lirohet nga sundimi otoman. Anatolij Zografski si njëri nga këngëtarët më të njohur kishtar dhe si person i arsimuar me përkushtim shpirtërorë ka qenë i respektuar si baba shpirtërorë në familjen mbretërore. Pas vdekjes së tij në Malin e shenjtë në varrin e plakut të ndjerë kanë ardhur të bijtë e Nikolajit të I, perandorët e ardhshëm të Rusisë, të përulen dhe të ndezin qirinjtë për babanë shpirtërorë shumë të respektuar dhe të nderuar. |
| **23.** | **Ангел Сматракалев Жаров Angel Smatrakalev Zharov** | Роден е во 1909 година, познат под псевдонимот Ангел Жаров,бил интелектуалец и борец за македонските национални и политички права. Бил истакнат писател и општествен деец, член и раководител на ВМРО (обединета),основач на Македонскиот литературен кружок во Софија,во кој влегоа и истакнатите македонски поети и интелектуалви Никола Јонков Вапцаров и Антон Попов.<br><br>I lindur më vitin 1909, i njohur me pseudonimin Angel Zharov, ka qenë njeri intelektual i cili ka luftuar për të drejtat nacionale dhe politike të Maqedonisë. Ka qenë shkrimtar i njohur dhe veprimtarë shoqërorë, anëtarë dhe udhëheqës i VMRO-së (së bashkuar), themelues i qarkut letrar maqedonas në Sofje, ku përfshihen edhe poetët dhe intelektualët e njohur maqedonas Nikolla Jonkov Vapcarov dhe Anton Popov. |
| **24.** | **Андон Ќосето Andon Qoseto** | Андон Ќосето е македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење кон крајот на 19 и почетокот на 20 век. Својата дејност ја започнал како терорист на Македонската револуционерна организација, а подоцна станува нејзин војвода.<br><br>Andon Qoseto është revolucionarë maqedonas, pjesëmarrës në lëvizjen revolucionare maqedonase kah fundi i shekullit 19 dhe fillimi i shekullit 20. Veprimtarinë e vet e ka filluar si teorist i Organizatës revolucionare maqedonase, e më vonë bëhet edhe duk i saj. |
| **25.** | **Антон Димитров<br><br>Anton Dimitrov** | Роден во с.Ајватово Солунско во 1868 година.По неговото гимназиско образование во Солун,правните студии ги завршил во Цариград.Заедно со Дамјан Груев,Петар Поп Арсов,Иван Хаџи Николов,Христо Татарчев и Христо Батаџиев,станал основач на Македонската револуционерна организација (МРО,ТМРО).Тој бил и член на нејзиниот централен |

| | | |
|---|---|---|
| | | комитет.<br><br>I lindur në fshatin Ajvatovë të Selanikut në vitin 1868. Pas arsimit të tij në gjimnazin e Selanikut, studimet juridike i ka kryer në Stamboll. Së bashku me Damjan Gruev, Petar Pop Arsov, Ivan Haxhi Nikollov, Hristo Tatarcev dhe Hristo Bataxhiev, u bë themelues i Organizatës revolucionare maqedonase (MRO,TMRO).Ka qenë edhe anëtarë i komitetit qendrorë. |
| **26.** | **Апостол Петков Терзиев Apostoli Petkov Terziev** | Македонски војвода (1869-1911), активно учествувал во Илинденското востание. Во Илинденското востание бил предводник на голема востаничка чета и со неа водел успешни борби. По востанието војува против грчката вооружена пропаганда. Негов центар на активност е Ениџевардарското езеро.<br>Duk maqedonas (1869-1911), ka marr pjesëmarrje aktive në Kryengritjen e Ilindenit. Në Kryengritjen e Ilindenit ka qenë drejtues i çetës së madhe kryengritëse dhe me të kanë drejtuar luftëra të suksesshme. Pas kryengritjes lufton kundër propagandës së armatosur greke dhe qendra e aktiviteteve të tij është liqeni Enixhe vardarsko. |
| **27.** | **Апостол Филип**<br><br>**Apostoli Filip** | Апостол Филип е еден од дванаесетте апостоли.<br><br>Apostol Filipi është njëri nga të dymbëdhjetë apostujt. |
| **28.** | **Арберија**<br><br>**Arbëria** | Илирите, им се спротивставија на странските походи, предводени од Римјаните, Византијците и разните преселби на многуте народи кои тргнаа кон потчинување на Илирија. Поранешното име Илир и нејзината територија Илирија го заменија со Арбер и Арберија.<br><br>Ilirët, duke iu kundërvënë pushtuesve të huaj, romakëve dhe Bizantit si dhe shpërnguljeve të ndryshme të shumë popujve që synuan Ilirinë, emrin e mëparshëm të tyre Ilir dhe territorin e tyre - Iliria e zëvendësuan me Arbër dhe Arbëria. |
| **29.** | **Аронова Aronova** | Еден од браќата на царот Самоил. Еден од четворицата млади кнезови кои го кренале востанието на комитопулите. Njëri nga vëllezërit e mbretit Samoil. Njëri nga katër knezët e rinj të cilët u ngritën në kryengritjen e komitopulëve. |
| **30.** | **Архиепископ Ангеларij Kryepeshkopi Angelarij** | Ангеларij (роден како *Цветко Крстески,* Долнени, Прилеп, 25 март 1911 - 15 јуни 1986), е вториот поглавар на Македонската православна црква, архиепископ охридски и македонски. По нецели пет години поминати како поглавар на МПЦ, загина во сообраќајна несреќа на 15 јуни 1986 година во |

| | | |
|---|---|---|
| | | Дреновската клисура, на патот Прилеп – Скопје.<br><br>Angelarij (i lindur si *Cvetko Krsteski,* Dolneni, Prilep, 25 mars të vitit 1911 - 15 qershor të vitit 1986), është krye prijësi i dytë i Kishës ortodokse maqedonase, peshkop i Ohrit të Maqedonisë. Pas pesë viteve jo të plota të kaluar si krye prijës i KOM, vdiq në fatkeqësi komunikacioni më 15 qershor të vitit 1986 në grykën e Drenovës, në rrugën Prilep – Shkup. |
| **31.** | **Архиепископ Арсениј Kryepeshkopi Arsenij** | Арсениј II бил последниот охридски архиепископ во период од 1763 година до 1767 година, кога бил принуден да поднесе оставка по која Охридската архиепископија била укината и нејзините епархии биле ставени под јурисдикција на Цариградската патријаршија.<br>Arsenij i II ka qenë peshkopi i fundit i Ohrit në periudhën prej vitit 1763 deri më vitin 1767, kur ka qenë i detyruar të japë dorëheqje pas të cilës Kryepeshkopata e Ohrit u hoq dhe eparkitë e veta mbetën pa juridiksion të Peshkopisë së Konstantinopolit. |
| **32.** | **Архиепископ Гаврил Kryepeshkopi Gavril** | Македонски г.г. Гаврил (Ѓорѓи Милошев, 1912 - 1996), трет поглавар на Македонската православна црква. Целиот живот го посветил на учебникарството и на просветителството**.**<br><br>Z.z. Gavrili i Maqedonisë (Gjorgji Milloshev, 1912 - 1996), krye prijës i tretë i Kishës ortodokse maqedonase. Tërë jetën ia ka kushtuar librave dhe arsimit. |
| **33.** | **Архиепископ Доситеј Kryepeshkopi Dositej** | Г.Г. Доситеј (р. Димитрија Стојковски, 7 декември 1906 - Скопје, 20 мај 1981), прв архиепископ охридски и македонски, поглавар на Македонската православна црква.<br>Z.z. Dositej (r. Dimitrija Stojkovski, 7 dhjetor të vitit 1906 - Shkup, 20 maj 1981), peshkop i parë i Ohrit të Maqedonisë, kryepeshkop i Kishës ortodokse maqedonase. |
| **34.** | **Архиепископ Михаил Kryepeshkopi Mihail** | Архиепископ Охридски и Македонски г.г. Михаил (Ново Село, Штипско), 1912 - 6 јули 1999) бил четвртиот архиепископ на Македонската православна црква по нејзиното обновување. Михаил бил свештеник и вероучител. Архиепископот Михаил за поглавар на Македонската православна црква беше избран на 4 декември 1993 година.<br>Kryepeshkopi i Ohrit i Maqedonisë z.z. Mihail (Novo Selo, Shtip), 1912 - 6 korrik 1999) ka qenë peshkopi i katër i Kishës ortodokse të Maqedonisë pas themelimit të tij. Mihaili ka qenë fytyrë fetare dhe mësues fetar. Kryepeshkopi Mihail për krye prijës të Kishës ortodokse maqedonase u zgjodh më 4 dhjetorë të vitit 1993 . |
| **35.** | **Атанас Бадев** | Атанас Бадев (Прилеп, 14 јануари 1860 - Софија, 21 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Atanas Badev** | септември 1908) е македонски композитор, хорски и музички теоретичар, еден од првите професионално школувани македонски композитори. Студирал математика на Универзитетот во Одеса, а музика најпрвин во Синодалната школа за црковно пеење во Москва,а потоа кај Мили Балакриев и Николај Римски-Корсаков при Дворската пејачка капела во Санкт Петербург. По завршените студии ја истражува и собира македонската народна музика, потоа е наставник по музика и хорски диригент во Солун, Русе, Самоков и Ќустендил. Компонирал главно вокални дела, световни и духовни. Зачувани се само свеската *Упражненија по черковното пение* и *Златоустова литургија*, печатена во 1898, од која посебно се изделуваат ставовите: *Иже херувими*, *Јако да царја*, *Хвалите Господа с небес* и *Христос воскресе*. Тоа дело, пишувано под влијанието на руската духовна музика, сведочи за еден талентиран творец, полн со фантазија и за тоа време голем мајстор на хорскиот слог како и на хармонскиот и полифоничен начин на компонирање.<br>Atanas Badev (Prilep, 14 janar të vitit 1860 - Sofje, 21 shtatorë 1908) është kompozitor maqedonas, teorist i muzikës dhe i korit, njëri nga kompozitorët e njohur maqedonas të shkolluar. Ka studiuar matematikë në Universitetin në Odesa, kurse muzikë së pari në shkollën Sinodale për këndim kishtar në Moskë, pastaj te Mili Balakriev dhe Nikolaj Rimski-Korsakov pran kapelës kënduese të oborrit mbretërorë në Sankt Peterburg. Pas marimit të studimeve e hulumton dhe e grumbullon muzikën popullore maqedonase, pastaj është mësues i muzikës dhe dirigjent korri në Selanik, Ruse, Samokov dhe Qustendil. Ka kompozuar kryesisht vepra vokale, letërsi botërore dhe shpirtërore. Janë të ruajtura vetëm literatura botërore *Upraznenia po cerkovnoto penie*i *Zlatoustova liturgia*, e botuar më 1898, nga të cilat në mënyrë të veçantë ndahen qëndrimet: *Ize heruvimi*, *Jako da carja*, *Hvalite Gospoda s nebes* dhe *Hristos voskrese*. Kjo vepër, e shkruar nën ndikimin e muzikës kishtare ruse, dëshmitarë për një veprimtarë të talentuar, me fantazi të bujshme dhe për këtë kohë një mjeshtër i madh i rrokjeve të korit si dhe të mënyrës harmonike polifonike të kompozimit. |
| **36.** | **Атанасије Урошевиќ Atanasije Urosheviq** | (1898-1992) – еден од основачите на Универзитетот во Скопје,географ и универзитетски професор.Во 1922 година,по завршувањето на средното образование во Скопје,се запишува на групата географија на Филозовскиот факултет,каде по докторирањето во 1929 година е избран за доцент.Втората светска војна ја поминува како воен заробеник во Германија.По |

| | | |
|---|---|---|
| | | војната во 1946 година,повикан е од Владата на Република Македонија да дојде во Скопје и да помогне при формирањето на идниот Македонски Универзитет.На истиот факултет истата година станува вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје,а од 1950 година и редовен професор.Во тие години станува истакната личност од научниот живот на нашиот град,се занимава со антропогеографија,етничка историја и историска географија.Објавува текстови за поголем број патописи,стари географски карти и други документи поврзани со Македонија.Го организирал Географскиот институт на природно математичкиот факултет,а бил и декан на истиот факултет ја иницирал изградбата на новата зграда која е и денес во функција.Целата своја универзитетска кариера ја поминал во Скопје,основач е на географското друштвото на Македонија и негов долгогодишен претседател.Редовен член на САНУ од 1978 година и има објавено голем број научни трудови и учебници,а најголем број се однесуваат на Македонија.Автор е на првата географско-историска публикација за Скопје под име „Водич кроз Скопје и околину“,објавена во 1937 година.Автор е и на географско – етнографски географии за Охрид и Куманово.<br>Atanasije Urosheviq (1898-1992) është një nga themeluesit e Universitetit në Shkup, gjeograf dhe profesor në universitet. Në vitin 1992, pas përfundimit të arsimit të mesëm në Shkup, u regjistrua në grupin e gjeografisë në Fakultetin Filozofik, kurse pas përfundimit të studimeve është pranuar si asistent në të njëjtin fakultet, ku pas doktoraturës në vitin 1929 është zgjedhur si docent.<br><br>Luftën e dytë botërore e kalon si rob lufte në Gjermani.Pas Luftës, në vitin 1946. Thirret nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë të vijë në Shkup dhe të ndihmojë në formimin e Universitetit maqedonas të ardhshëm. Në të njëjtin fakultet në të njëjtin vit bëhet profesor i jashtëm Fakultetit filozofik në Shkup, kurse nga viti 1950 është profesor i rregullt. Në ato vite bëhet një personalitet i shquar i jetës shkencore të qytetit tonë, merret me antropogjeografi, histori etike dhe histori gjeografike.<br><br>Boton tekste për një numër të madh analesh, harta të vjetra gjeografike dhe dokumente të tjera të lidhura me Maqedoninë. Ka organizuar Institutin e gjeografisë pranë Fakultetit të shkencave të natyrës, dhe ka qenë edhe dekan i të njëjtit fakultet dhe ka iniciuar ndërtimin e godinës së re e cila edhe sot e kësaj dite është në funksion. Të gjithë karrierën e tij universitare e ka kaluar në Shkup, është themelues i Shoqatës |

| | | |
|---|---|---|
| | | gjeografike të Maqedonisë dhe kryetar i saj për shumë vjet me radhë. Ishte anëtar i rregullt i ASSHA nga viti 1978 dhe ka botuar shumë vepra shkencore dhe libra shkollor, dhe numri më i madh i tyre ka të bëjë me Maqedoninë. Është autor i publikimit të parë gjeografik-historik për Shkupin nën titullin “Udhëzues nëpër Shkup dhe rrethinat i tij” të botuar në vitin 1937. Është autor i gjeografisë gjeografike-etnografike për Ohrin dhe Kumanovën. |
| **37.** | **Бајрам Цури**<br>**Bajram Curri** | Бајрам Цури е значајна личност на албанскиот патриотизам. Бајрам Цури беше и остана голем водач и истакнат борец и демократ, патриот и талентиран организатор на народната борба за одбрана на Албанија. Bajram Curri është një personalitet i rëndësishëm i patriotizmit shqiptar.Bajram Curri është një personalitet i rëndësishëm i patriotizmit shqiptarë. Bajram Curri ishte dhe mbeti një udhëheqës i madh, luftëtarë dhe demokrat i njohur, patriot dhe organizator i talentuar i luftës kombëtare për mbrojtje të Shqipërisë. |
| **38.** | **Бане Андреев**<br>**Bane Andreev** | Бане Андреев - Ронката (Велес, 12 август 1905 - Белград, 5 ноември 1980) е учесник во НОБ и повоен министер во Сојузната влада.Член на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Во 1944 година е избран за член и политички комесар на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, делегат на АСНОМ и член на АВНОЈ. По ослободувањето, во март 1945 година е назначен за министер за рударство во Привремената влада на Демократска федеративна Југославија. На изборите за Уставотворното собрание во ноември 1945 година е избран за пратеник. По формирањето на првата Влада на ФНРЈ, повторно е избран за министер за рударство.<br><br>Bane Andreev- Ronkata (Veles, 12 gusht 1905 - Beograd, 5 nëntor të vitit 1980) është pjesëmarrës në LNÇ ministër i pas luftës në qeverinë e bashkuar. Anëtarë i komitetit të krahinave të KPJ për Maqedoninë. Në vitin 1944 është zgjedhur për anëtarë dhe komisar politik i shtabit gjeneral të NOV dhe POM, delegat i KAÇKM dhe anëtarë i AVNOJ. Pas çlirimit, në mars të vitit 1945 është emëruar ministër i xeheroreve në qeverinë e përkohshme të Jugosllavisë federale demokratike. Në zgjedhjet për Kuvendin kushtetutë formues në nëntor të vitit 1945 u zgjodh për deputet. Pas formimit të qeverisë së parë të FNRJ, sërish është zgjedhur për ministër të xeheroreve. |
| **39.** | **Беким Фехмиу** | Истакнат албански режисер и актер кој снимил |

| | | |
|---|---|---|
| | **Bekim Fehmiu** | филмови со многу познати светски актери како што се: Ава Гарднер, Џон Хјустон, Клаудија Кардинале и др. Роден е на 1 јули 1963 година. Има снимено околу 41 филмови од 1953 до 1988 година.<br><br>Regjisor dhe aktor i njohur shqiptar i cili ka incizuar filma me një numër të madh të aktorëve siç janë Eva Gardner, Xhon Hjuston, Kllaudija Kardinale etj. Ai ka lindur më 1 korrik të vitit 1963. Ai ka incizuar rreth 41 filma prej vitit 1953 deri në vitin 1988. |
| **40.** | **Беласичка Битка**<br>**Beteja e Belasicës** | Битката на Беласица се случила на 29 јули 1014 година помеѓу војските на македонскиот цар Самоил и византискиот цар Василиј II. Исходот бил погубен за македонските војски и за Самоиловото царство: голем број војници биле убиени, а останатите ослепени, со што била целосно уништена воената моќ на царството. Самоил по овој пораз умрел истата година.<br><br>Beteja në Belasicë ka ndodhur më 29 korrik të vitit 1014 në mes aradhave ushtarake të mbretit maqedonas Samoilit dhe mbretit Bizantinas Vasilij i II. Beteja ka qenë fatale për ushtarët maqedonas si dhe për mbretërinë e Samoilit: një numër i madh i ushtarëve kanë qenë të vrarë, kurse të tjerët të qorruar, me çka tërësisht është shkatërruar forca ushtarake dhe luftarake e mbretërisë. Samoili pas kësaj disfate ka vdekur në po të njëjtin vit. |
| **41.** | **Бели мугри**<br>**Agimet e bardha** | „Бели мугри“ е збирка поезија од Кочо Рацин, објавена во 1939 година во Самобор близу Загреб. Таа е трета стихозбирка објавена на македонски јазик по стихозбирките на Венко Марковски, „Народни бигори“ и „Огинот“, објавени во 1938 година.<br>Стихозбирката е испечатена на 25 ноември во печатницата на Драгутин Шпулер во 4.000 примероци.<br>“Beli mugri” është përmbledhje poezive nga Koço Racin, e botuar më vitin 1939 në Samobor afër Zagrebit. Ajo është përmbledhja e tretë e poezive e botuar në gjuhën maqedonase pas përmbledhjeve të poezive të Venko Markovski, „Narodni bigori” dhe „Oginot”, të botuara më vitin 1938.<br>Përmbledhja e poezive është botuar më 25 nëntor në shtëpinë botuese të Dragutin Spuler me tirazh prej 4.000 copë. |
| **42.** | **Бенџамин Франклин**<br>**Benxhamin Franklin** | (Бостон, 17 јануари 1706 – Филаделфија, 17 април 1790) бил американски државник, филозоф, физичар, економист и писател. Покрај Џеферсон, автор е на американската „Декларација за независност“. Со години тој се занимавал со демократизација на Уставот и укинување на ропството. Како физичар се занимавал со проучување на електрицитетот и го пронајде громобранот. |

| | | |
|---|---|---|
| | | (Boston, 17 janar 1706 – Filadelfi, 17 prill 1790) ka qenë burrështetas amerikan, filozof, fizikan, ekonomist dhe shkrimtar. Përkrah Xhefersonit, është autorë i „Deklaratës amerikane për pavarësi“. Me vite ai u morr me demokratizimin e kushtetutës dhe mënjanimin e robërisë. Si fizikanë u morr me hulumtimin e elektricitetit dhe e zbuloi rrufepritësin. |
| **43.** | **Бигорски манастир Manastiri i Bigorit** | Според „Бигорскиот помeник“, манастирот бил основан од страна на монахот Јован во 1020 година, а во 16 век манастирот бил разрушен од страна на Отоманската власт и од целиот комплекс останала само малата црква. Од помениците исто така се дознава дека манастирот бил повторно обновен во 1743 година, од страна на јеромонахот Иларион кој бил ѝ првиот игумен на Бигорскиот манастир во поново време.<br><br>Sipas përkujtimores së Bigorit, manastiri është ndërtuar nga ana e murgut Jovan në vitin 1020, kurse në shekullin e 16 manastiri u shkatërrua nga ana e Perandorisë otomane, dhe nga i tërë kompleksi ka mbetur vetëm kisha e vogël. Nga përkujtimoret gjithashtu zbulojmë se manastiri ka qenë sërish i rinovuar më vitin 1743 nga ana e jeremurgut Ilarion i cili ka qenë edhe igumeni i parë në Manastirin e Bigorit në kohën më të re. |
| **44.** | **Благој Шамбевски Blagoj Shambevski** | Ноќта меѓу 31 јули и 1 август 1974 г. во Минхен беше убиен од досега неоткриени убијци организациониот секретар на Централниот комитет на Движењето за ослободување на Македонија Благој Шамбевски. Долгогодишен македонски активист во дијаспората, издавач на весници и организатор на повеќе активности во насока на создавање на независна Македонија.Nata në mes 31 korrikut dhe 1 gushtit të vitit 1974. Në Mynhen ka qenë i vrarë nga deri tani vrasës të panjohur, sekretari organizues i Komitetit Qendrorë të Lëvizjes për çlirimin e Maqedonisë Bllagoj Shambevski. Aktivist për një periudhë të gjatë në diasporë, botues i gazetave dhe organizues i më shumë aktiviteteve në drejtim të krijimit të Maqedonisë së pavarur. |
| **45.** | **Богдан Поп Ѓорчев Bogdan Pop Gjorçev** | Првиот од 53-та стрелани велешани во 1945 година.<br><br>I pari nga 53- veleshanët e vrarë në vitin 1945. |
| **46.** | **Борис Белев Boris Belev** | Еден од петмината струмички студенти на возраст од 20 до 23 години, членови на ВМРО, кои на 13 август 1951 година биле погубени кај селото Дорломбос на планината Беласица, од страна на комунистичките власти во тогашната СРМ во Струмица.<br>Njëri nga pesë studentët e Strumicës në moshë prej 20 deri më 23 vite, anëtarët e VMRO, të cilët në 13 gusht |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1951 u likuiduan në fshatin Dorlombos të malit Belasicë, nga ana e qeverisë komuniste në RSM së atëhershme në Strumicë.<br>Strumicë. |
| **47.** | **Борис Јелцин Boris Jelcin** | Борис Николаевич Јелцин е првиот претседател на Руската федерација. Бил роден на 1 февруари 1931 година во Бутка, СССР. По распаѓањето на СССР Елцин го презел раководството со Руската федерација. Бил избран за претседател во два мандата. За време на неговиот мандат Република Македонија е призната под нејзиното уставно име. Починал на 76 години на 23 април 2007 година.<br>Boris Nikolaevic Jelcin është kryetari i parë i Federatës ruse. Ka qenë i lindur më 1 shkurt 1931 në Butka, SSSR. Pas shkatërrimit të BRSS Elcin e ka marrë drejtimin me Federatën ruse. Ka qenë i zgjedhur për kryetar në dy mandate. Gjatë kohës së mandatit të tij, Republika e Maqedonisë është e pranuar me emrin e saj kushtetues. Ka vdekur në moshën 76 vjeçare më 23 prill të vitit 2007. |
| **48.** | **Борис Сарафов Boris Sarafov** | Борис Сарафов (12 јули 1872 – 28 ноември 1907) во текот на Илинденското востание е член на Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ, заедно со Даме Груев и Атанас Лозанчев.<br><br>Boris Sarafov (12 korrik 1872 – 28 nëntor 1907) ka qenë në rrjedhën e Kryengritjes së Ilindenit, është anëtarë i Shtabit kryesorë të Qarkut revolucionar të Manastirit, së bashku me Dame Gruev dhe Atanas Lozancev. |
| **49.** | **Борис Трајковски Boris Trajkovski** | Македонски политичар и втор претседател на независна Македонија( од 15 декември 1999 година до 26 февруари 2004 година), неговиот мандат заврши со трагичната смрт во авионска несреќа. Претходно беше заменик министер за надворешни работи и шеф на кризниот штаб за време на бегалската криза во 1999 година. Беше многу почитуван од граѓаните на Република Македонија.<br>Politikan Maqedonas dhe kryetar i dytë i Maqedonisë së pavarur, nga 15 dhjetori, i vitit 1999 deri më 26 shkurt të vitit 2004, kur mandati i tij mbaroi me vdekjen tragjike në fatkeqësi ajrore. Më parë ka qenë zëvendës ministër për punë të jashtme, si drejtues i shtabit të krizave gjatë kohës së krizës së refugjatëve të vitit 1999 . Ka qenë shumë i nderuar nga ana e qytetarëve të Republikës së Maqedonisë. |
| **50.** | **Борко Темелковски Љиљакот** | Роден 1919. Учествувал во НОБ. Прогласен за народен херој на 09.10.1953 година. Долгогодишен претседател на Сојузот на борците. Умре во 2001 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Borko Temelkovski Lilakot** | година.<br>I lindur më 1919. Ka marrë pjesë në LNÇ. I shpallur për hero kombëtar më 09.10.1953. Një kohë të gjatë ka qenë kryetar i Këshillit të luftëtarëve. Ka vdekur në vitin 2001. |
| **51.** | **Бранко Гапо Branko Gapo** | Бранко Гапо (Тетово, 5 ноември 1931 - 18 ноември 2008) беше еден од најпознатите, најплодните и најнаградуваните македонски филмски режисери. Со над 40 документарни и 7 играни филмови, како и со работата на драмски, телевизиски и радио-претстави, во период од над 40 години, тој е меѓу основоположниците на македонската кинематографија.<br>Branko Gapo (Tetovë,5 nëntor 1931 - 18 nëntor 2008) ka qenë njëri nga regjisorët më të njohur të filmit në Maqedoni. Me mbi 40 dokumentarë dhe 7 filmave artistik, si dhe në punën e shfaqjeve dramatike, dhe radio-televizive, në periudhë me mbi 40 vite, ai është në mesin e themeluesve të kinematografisë maqedonase. |
| **52.** | **Браќа Миладиновци Vëllezërit Miladinov** | Браќата Димитар (Струга, 1810 - Цариград, 23 јануари 1862) и Константин (Струга, 1830 - Цариград, 18 јануари 1862) Миладинови се основачи на националната преродба во Македонија од средината на деветнаесеттиот век. Обвинети како шпиони против кои, според изјавата на официјалните турски власти, се подготвува судски процес, браќата Миладиновци умреле во цариградските затвори во 1862 година, под засега неразјаснети околности.<br>Vëllezërit Dimitar (Strugë, 1810 - Stamboll, 23 janar 1862) dhe Konstantin (Strugë, 1830 - Stamboll, 18 janar 1862) Miladinov janë themelues të rilindjes kombëtare në Maqedoni nga mesi i shekullit të nëntëmbëdhjetë. Të akuzuar si spiunë kundër të cilëve, në bazë të deklaratave të pushtetarëve zyrtar turk, u përgatit proces, vëllezërit Miladinov kanë vdekur në burgjet e Stambollit, në vitin 1862, në rrethana të paqarta. |
| **53.** | **Ванѓел Коџоман Vangjel Koxhoman** | Ликовен уметник (1904-1994). Учел повеќе генерации млади уметници и педагози. Има направено повеќе самостоји изложби. Добитник е на Октомвриска награда за животно дело - 1969 год., наградата АВНОЈ - 1979 год. и други награди.<br>Piktorë (1904-1994). Ka mësuar më shumë gjenerata të piktorëve dhe pedagogëve të rinj. Ka realizuar më shumë ekspozita personale. Është fitues i çmimit të Tetorit për veprimtari jetësore - 1969, çmimin AVNOJ - 1979 si dhe çmime të tjera. |

| | | |
|---|---|---|
| **54.** | **Ванчо Николески Vanço Nikoleski** | Македонски писател претставник на првата повоена генерација македонски писатели за деца и младина (1912-1980). Член на Друштвото на писателите на Македонија од 1950 година. ДПМ доделува награда со неговото име. Автор е на повеќе дела меѓу кои најпознато е „Волшебното самарче“.<br>Shkrimtarë maqedonas, përfaqësues i gjeneratës së parë të shkrimtarëve për fëmijë dhe të rinj, maqedonas të pasluftës (1912-1980). Anëtarë i shoqatës së shkrimtarëve të Maqedonisë nga viti 1950. DPM ndan çmime me emrin e tij. Autorë i më shumë veprave mes të cilave është edhe „Samari magjik”. |
| **55.** | **Васил Ивановски Vasil Ivanovski** | Васил Ивановски(с.Ловраде,Костурско 1906 – Софија 1991)- истакнат национален деец , револуционер, журналист, публицист и историограф. Бил во раководството на ВМРО .Во 1942 година бил уапсен и осуден на 15 години затвор.Во 1944 година избегал на слободна територија и стапил во редовите на Македонската војска.Бил делегат на Првото заседание на АСНОМ и заменик-министер за социјални грижи.1945 година поради несогласување со политиката на владата на Колишевски,заминал во Бугарија и бил активен во редовите на македонската емиграција,афирмирајки ја македонската национална држава.<br>Vasil Ivanovski (fsh. Lovrade,Kostur 1906 – Sofje 1991)- veprimtari i shquar kombëtar , revolucionar, zhurnalist, publicist dhe historiografi. Ka qenë në udhëheqësin e VMRO .Në vitin 1942 ka qenë i burgosur dhe i dënuar në 15 vite burgim. Në vitin 1944 ka ikur në territor të lirë dhe ka kaluar në radhët e ushtrisë maqedonase. Ka qenë delegat i Kuvendit të parë të ASNOM si dhe zëvendës ministër për përkujdesje sociale 1945 për shkak të mospajtimit që ka pasur me politikën e qeverisë së Kolishevskit, është larguar në Bullgari dhe ka qenë mjaft aktiv në radhën e migracionit maqedonas, duke e afirmuar shtetit nacional maqedonas. |
| **241.** | **Смиле Војданов**<br>**Smile Vojdanov** | Смиле Војданов (1872-1958) е илинденски војвода и долгогодишен активист во македонското национално движење во татковината и во емиграција. Смиле Војданов е роден во охридското село Лактиње (сега во општина Дебарца). Рано го напуштил школувањето и му се приклучил на македонското ослободително движење. Во Македонија се истакнал како еден од врвните водачи на Илинденското востание во Охридско, при што заедно со Дејан Димитров биле одговорни за реонот на Дебрца. По задушувањето на Илинденското востание, Смиле Војданов не се откажал од идејата за независна македонска држава. Својата борба ја продолжил во Северна Америка, каде долги години  дејствувал меѓу македонските емигранти во САД и Канада.Во куќата на Смиле Војданов во градот Понтиак, во државата Мичиген, во 1929 година е формирана првата независна македонска група. По формирањето на повеќе вакви групи во различни градови на САД, на 22 и 23 март 1930 во градот Толедо (Охајо) била одржана Првата конференција на македонските независни групи. Тогаш Смиле Војданов е избран за претседател на централното раководно тело. На Првиот редовен конгрес за обединување на групите, од 24 до 26 април 1931 во Гери (Индијана), Смиле Војданов бил избран за претседател на новоформираниот Македонски народен сојуз. По Втората светска војна го поздравува формирањето на Македонската република и се вклучува во испраќањето хуманитарна помош за татковината.<br>Smile Vojdanov (1872-1958) është vojvodë i Ilindenit dhe aktivist shumëvjeçar në lëvizjen maqedonase kombëtare në atdhe dhe mërgim. Smile Vojdanov është lindur në fshatin e Ohrit Llaktinj (tani në komunën Debarcë). Herët e ka lënë shkollën dhe është përfshirë në lëvizjen çlirimtare maqedonase. Në Maqedoni është dalluar si një nga vojvodët kryesor të Kryengritjes së Ilindenit në Ohër, gjatë së cilës së bashku me Dejan Dimitrov kanë qenë përgjegjës për rajonin e Debarcës. Pas shuarjes së Kryengritjes së Ilindenit, Smile Vojdanov nuk u nda nga ideja për shtet të pavarur maqedonas. Luftën e tij e vazhdon në Amerikën Veriore, ku vite me radhë do të veprojë mes emigrantëve maqedonas në SHBA dhe |

| | | |
|---|---|---|
| | | Kanadë. Në shtëpinë e Smile Vojdanov në qytetin Pontiak, në shtetin e Miçiganit, në 1929 është formuar grupi i parë i pavarur maqedonas. Pas formimit të më shumë grupeve të tilla në qytete të ndryshme në SHBA, më 22 dhe 23 mars 1930 në qytetin Toledo (Ohajo) u mbajt Konferenca e parë e grupeve të pavarura maqedonase. Atëherë Smile Vojdanov është zgjedhur kryetar i trupit qendror udhëheqës. Në Kongresin e parë të rregullt për bashkimin e grupeve, nga data 24 deri në 26 prill 1931 në Geri (Indiana), Smile Vojdanov është zgjedhur për kryetar të Lidhjes së re të formuar kombëtare maqedonase. Pas Luftës së dytë botërore e përshëndet formimin e Republikës Maqedonase dhe përfshihet në dërgimin e ndihmës humanitare në atdhe. |
| **242.** | **Собрание на Македонија 1880 Kuvend i Maqedonisë 1880** | Опфаќањето на името на споменатата институција и настан од македонската историја покрај тоа што веќе постои има значење на доволно јасно и категорично укажување на национално-политичките темели на македонската државност и на нејзиниот профил.Нивното историско и национално значење изразено преку духот,функциите и целите на споменатите институции и настани ја фундира потребата да бидат белези на системот на имиња во главниот град на Република Македонија.<br>Përfshirja e emrit të institucionit dhe ngjarjes të dhënë nga historia e Maqedonisë krahas asaj që ekziston deri tani ka rëndësi mjaft të qartë dhe është tregues kategorik i themeleve nacional – politike të shtetit maqedonas dhe profilit të saj. Rëndësia e tyre historike dhe kombëtare e shprehur përmes shpirtit, funksionit dhe qëllimeve të institucioneve dhe ngjarjeve të përmendura e paraqesin nevojën që të jenë simbole të sistemit të emrave në kryeqytetin e Republikës së Maqedonisë. |
| **243.** | **Солунски конгрес Kongresi i Selanikut** | Солунскиот конгрес од 1903, заседавал од 2 до 4 јануари (стар стил – четврток, петок и сабота), тој е познат и како Јануарски конгрес. На овој собир била донесена одлуката за кревање на Илинденското востание иако најголемиот дел од видните револуционерни дејци се изјасниле против кревање на востанието.<br>Kongresi i Selanikut i vitit 1903 është mbajtur nga data 2 deri në 4 janar (stil i vjetër e enjte, e premte dhe e shtunë), ai është i njohur si Kongres i janarit. Në këtë mbledhje është sjellë vendimi për ngritjen e Kryengritjes së Ilindenit edhe pse pjesa më e madhe e revolucionarëve të shquar janë deklaruar kundër kryengritjes |
| **244.** | **Сребра Апостолова** | Македонски револуционер, родена е во Леринско. Учествувала во повеќе борби во Леринско. Позната по |

| | | |
|---|---|---|
| | **Srebra Apostollova** | нејзината храброст и пожртвуваност за идејата за слободна Маkеднија.<br>Revolucionare maqedonase e lindur në rrethin e Florinës. Ka marrë pjesë në më shumë luftime në rrethin e Florinës. Është e njohur për guximin dhe sakrifikimin e saj për idenë për Maqedoni të lirë. |
| **245.** | **Стево Теодосиевски Stevo Teodosievski** | Стево Теодосиевски е роден во Кочани во 1924 година. Тој е познат македонски естраден уметник, музички педагог и хуманист. Добитник на многу награди и признанија. Во периодот од 1960 до 1989 година Стево и Есма Теодосиевски живеат и работат во Белград, а потоа се враќаат во Скопје. Низ нивниот дом поминале 47 деца кои биле израснати и воспитани во традиционален дух, достојно да ги наследат своите родители.<br>Ансамблот "Теодосиевски" има одржано повеќе од 20.000 концерти, од кои околу 2.000 хуманитарни, има издадено 108 сингл плочи, 20 лонг - плеј плочи, 32 аудио касети, 15 компакт дискови, 6 видео касети и има снимено 12 емисии од по 30 минути за МРТВ.<br>Стево Теодосиевски почина во Скопје на 9 април 1997 година.<br>Stevo Teodosievski është lindur në Koçan në vitin 1924. Ai është artist i njohur i estradës maqedonase, pedagog muzikor dhe humanist. Është fitues i shumë çmimeve dhe mirënjohjeve, në periudhën e viteve 1960 deri më 1989 Stevo dhe Esma Teodosivski jetojnë dhe punojnë në Beograd, kurse më pas kthehen në Shkup. Në shtëpinë e tyre kanë kaluar 47 fëmijë të cilit janë rritur dhe edukuar në shpirtin tradicional, që me dinjitet t'i trashëgojnë prindërit e tyre.<br>Ansambli "Teodosievski" ka mbajtur më shumë se 20,000 koncerte, prej të cilave 2,000 humanitare, ka publikuar 108 pllaka singëll, 20 long-plej pllaka, 32 audio kaseta, 15 kompakt disqe, 6 video kaseta dhe ka incizuar 12 emisione nga 30 minuta për RTVM. Stevo Teodosivski ndërroi jetë në Shkup në 9 prill 1997. |
| **246.** | **Стерјо Боздов Sterjo Bozdov** | Стерјо Боздов ( Крушево 1902 – Крушево 1987 ) лекар,револуционер,редовен професор,шеф на Катедрата по хигиена и прв декан на новоформираниот Медицински факултет во Скопје (1947 – 1950).Студирал медицина во Виена и во Белград,каде што и дипломирал (1933).Бил член на АСНОМ и повереник за здравство на Македонија (1944). Од 1950 до 1952 г. е проректор на Универзитетот во Скопје и претседател на МЛД (1951-1952).<br>Sterjo Bozdov ( Krushevë 1902 – Krushevë 1987 ) mjek, revolucionar, profesor i rregullt, shef i Katedrës për higjienë dhe dekan i parë i Fakultetit të formuar për |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | mjekësi në Shkup (1947-1950). Ka studiuar mjekësi në Vjenë dhe në Beograd, ku ka diplomuar (1933). Ka qenë anëtar i KAÇKM dhe i besuar për shëndetësi në Maqedoni (1944). Nga viti 1950 deri në 1952 ka qenë prorektor i Universitetit në Shkup dhe kryetar i MLD (1951-1952). | |
| **247.** | **Стерјо Стерјовски Sterjo Sterjovski** | Роден е во с. Смрдеш, Костурско, во 1876 година. Од 1900 год. бил реонски војвода во Костурско, а за време на Илинденското востание со својата чета зел активно учество во повеќе борбени дејствија против турскиот аскер. Загинал во 1905 година во една борба со грчки андарти во Преспанско.<br>I lindur në f. Smrdesh, Kostur, në vitin 1876. Nga viti 1900 ka qenë drejtues rajonal në Kostur, kurse gjatë Kryengritjes së Ilindenit me çetën e tij ka marrë pjesë aktive në më shumë luftime kundër asqerëve turq. Ka humbur jetën në një luftim me andartësit grek në rrethin e Prespës. | |
| **248.** | **Стефан Топчев Stefan Topçev** | Еден од петмината струмички студенти на возраст од 20 до 23 години, членови на ВМРО, кои на 13 август 1951 година биле погубени кај селото Дорломбос на планината Беласица, од страна на комунистичките власти во тогашната СРМ во Струмица.<br>Një nga pesë studentët e Strumicës në moshë prej 20 deri në 23 vjet, anëtarë të VMRO, të cilit në 13 gusht 1951 janë vrarë tek fshati Dorlombsos në malin Belasicë, nga ana e pushteti komunist në LRM në Strumicë. | |
| **249.** | **Стефо Николов - Скендер Stefo Nikollov – Skender** | Стефо Николов - Скендер (с.Бесфина, Преспанско,1855–Чеган Планина, Леринско,мај 1902) – кресненски војвода, претседател на Народното собрание на Македонија, турски затвореник и предилинденски војвода на ТМРО. Учествува во Кресненското македонско востание (1878 – 79), а потоа станува претседател на Народното собрание на Македонија во Гремен-Теќе (1880).<br>Stefo Nikollov Skender (f. Besfina, Prespë,1855 – Mali Çegan, Florinë, maj 1902) – vojvodë i Kresnës, kryetar i Kuvendit popullor të Maqedonisë, i burgosur turk dhe drejtues para Ilndenit i TMRO. Ka marrë pjesë në Kryengritjen maqedonase të Kresnës (1878 – 79), e më pas bëhet kryetar i Kuvendit popullor të Maqedonisë në Gremen – Teqe (1880). | |
| **250.** | **Стивен Харпер Stiven Harper** | Јосиф Стивен Харпер (роден на 30 април, 1959 година) е 22 - от и сегашниот премиер на Канада. Харпер стана премиер во 2006 година на федералните избори. Секогаш бил подготвен на соработка со македонските организации. За време на неговиот мандат Канада ја призна Република Македонија под нејзиното уставно име.<br>Josif Stiven Herper (i lindur më 30 prill, 1959) është kryeministri i 22-të dhe aktual i Kanadasë. Harper u bë | |

| | | |
|---|---|---|
| | | kryeministër në vitin 2006 në zgjedhje federale. Çdo herë ka qenë i gatshëm të bashkëpunojë me organizata maqedonase. Gjatë mandatit të tij Kanadaja e pranoi Republikën e Maqedonisë me emrin e saj kushtetues. |
| **251.** | **Стив Џобс<br>Stiv Xhobs** | Стив Пол Џобс (роден на 24 февруари 1955 - 5 октомври 2011) бил сооснивач и директор на Епл. Помеѓу 1986 и 2006 година, Стив Џобс бил директор на студиото за анимирани филмови, Пиксар. Стив Џобс и сооснивачот на Епл, Стив Возниак помогнале да се популаризира персоналниот компјутер во крајот на 1970–тите. Во раните 1980–ти, Џобс бил меѓу првите кои го сфатиле потенцијалот на графичките оперативни системи кои биле контролирани со помош на компјутерско глувче или маус. Откако Џобс бил протеран од акционерскиот одбор на Епл во 1985 година, тој го основал Некст, компанија која развивала компјутерски системи наменети за образовните и деловните пазари.<br>Stiv Pol Xhobs (i lindur 24 shkurt 1955 - 5 tetor 2011) ka qenë bashkëthemelues dhe drejtor i Apple. Mes vitit 1986 dhe 2006, Stiv Xhobs ka qenë drejtor i studios për filma të animuar, Piksar. Stiv Xhobs dhe bashkëthemeluesi i Apple, Stiv Vozniak kanë ndihmuar në popullaritetin e kompjuterëve personal në fundin e viteve të 70-ta. Në vitet e 80-ta, Xhobs ka qenë një ndër të parët që ka kuptuar potencialin e sistemeve operative grafike të cilat kontrollohen me ndihmën e miut kompjuterik ose mausit. Pasi që Xhobs është dëbuar nga këshilli aksionar i Apple në vitin 1985, ai e themeloi Nekst, kompaninë e cila ka zhvilluar sisteme kompjuterike të destinuara për arsim dhe tregje afariste. |
| **252.** | **Стјепан Радич<br>Stejpan Radiç** | Стјепан Радич (11 јуни 1871-8 август 1928) е хрватски политичар и основач на хрватската земјоделска партија во 1905 година. Тој е застрелан во Собранието, а по неколку дена починал како последица на тоа. Како резултат на неговата дејност, земјоделската класа се внесува во општествено-политичкиот живот.<br>Stjepan Radiç (11 qershor 1871-8 gusht 1928) është politikan kroat dhe themelues i partisë kroate të bujqësisë në vitin 1905. Ai është qëlluar në Kuvend, kurse pas disa ditësh vdiq si pasojë e kësaj. Si rezultat i veprimtarisë të tij, klasa bujqësore hyn në jetën politike- shoqërore. |
| **253.** | **Стојан Богданов<br>Stojan Bogdanov** | Министер за здравство, починал за време на мандатот во 1999 година. Роден е 1941 година во Кратово, бил доктор по медицински науки, вонреден професор по гинекологија и акушерство на Медицински факултет во Скопје.<br>Ministër për shëndetësi, ka humbur jetën në mandatin e tij në vitin 1999. I lindur në vitin 1941 në Kratovë, doktor për |

| | | |
|---|---|---|
| | | shkenca të mjekësisë, profesor inordinar në gjinekologji dhe akusheri në Fakultetin e mjekësisë në Shkup. |
| 254. | **Стојан Кара Стоилов Stojan Kara Stoilov** | Прочуен војвода во Струмско, денешна Пиринска Македонија. Учествувал во Кресненското востание како главен војвода.Заедно со Димитар Поп Георгиев,кој е началник на штабот на македонското востание,стојат во одбрана на внатрешниот карактер на целите на востанието,противејќи се на посегнувањата од бугарска страна.Паднал како жртва на заговор на Софискиот митрополит Мелетиј.<br>Drejtues i shquar në rrethin e Strumës, në Maqedoninë e sotme të Pirinit. Ka marrë pjesë në kryengritjen e Kresnës si vojvodë kryesor. Së bashku me Dimitar Pop Georgiv, i cili është shef i shtabit të kryengritjes maqedonase, qëndrojnë në mbrojtje të karakterit të brendshëm të qëllimeve të kryengritjes, duke kundërshtuar sulmet nga ana e Bullgarisë. Ka rënë viktimë e komplotit Bullgar të Mitropolitit të Sofjes Meletej. |
| 255. | **Стојан Христов Stojan Hristov** | Стојан Христов (с.Кономлади,Егејска Македонија,1897 – Томпсон Хаус, Вест Довер, САД 1996) - американски писател, новинар, публицист, политички аналитичар и сенатор од македонско потекло. Во 1985 повторно престојувал во РМ, тогаш му била доделена титулата „Почесен доктор по филолошки науки“ на Универзитетот во Скопје и бил избран за дописен член на МАНУ.<br>Stojan Hristov (f. Konomlad, Maqedonia e Egjeut, 1897 – Tompson Haus, Vest Dover, SHBA 1996) – shkrimtar amerikan, gazetar, publicist, analist politik dhe senator me prejardhje maqedonase. Në vitin 1985 sërish qëndron në RM, kur ju dha titulli “Doktor nderi në shkenca filologjike “ në Universitetin në Shkup dhe është zgjedhur për anëtar korrespodent  i AMSHA. |
| 256. | **Стојо Хаџиев Stojan Haxhiev** | (с.Голешево, Демирхисарско-Серско 1879 – с.Покровник 1924 ) – учител, револуционер, војвода. Бил член на Народната федеративна партија,пратеник на Османлискиот парламент.Во Првата светска војна бил окружен управник во Струмица, а од 1920 година бил адвокат во Петрич. Како санданист бил убиен од идејните  противници.<br>(f. Goleshevo, Demirhisar, Sersko 1897 – f. Pokrovnik 1924) – mësues, revolucionar, vojvodë. Ka qenë anëtar i Partisë popullore federative, deputet i Parlamentit Osman. Në Luftën e parë botërore ka qenë vojvodë rrethi në Strumicë, kurse nga viti 1920 ka qenë avokat në Petriç. Si sandanist është vrarë nga kundërshtarët me ide. |
| 257. | **Страшо Пинџур Strasho Pinxhur** | Страшо Пинџур (Ваташа, 3 март 1915 - Скопје, 4 јануари 1943) е револуционер и народен херој на Македонија. Роден е во село Ваташа, Кавадаречко. По смртта на татко му во почетокот на Првата светска |

| | | |
|---|---|---|
| | | војна, во борбите кај Криволак, мајка му се премажила во Неготино, а грижата за него ја презела баба му. Основно училиште завршува во Ваташа, а нижа гимназија во Кавадарци. Потоа заминал во Белград, на студии по право. Во Белград се вклучил во револуционерното движење. Уште во почетокот на фашистичката окупација се вклучил во НОД. Откако бил уапсен од бугарската полиција во Велес, на 19 декември 1942 год., по долго мачење на 4 јануари 1943 бил убиен во Скопје.<br>Strasho Pinxhur (Vatasha, 3 mars 1915 – Shkup, 4 janar 1943) është revolucionar dhe hero kombëtar i Maqedonisë. Ka lindur në fshatin Vatsha, Kavadar. Pas vdekjes së të atit në fillim të Luftës së Parë Botërore, në luftimet tek Krivollak, nëna e tij është martuar sërish në Negotinë, kurse kujdesin për të e ka marrë gjyshja. Shkollë fillore ka kryer në Vatash, kurse gjimnaz të ulët në Kavadar. Më pas ka shkuar në Beograd, për studime në drejtësi. Në Beograd është kyçur në lëvizjen revolucionare. Prej në fillim të okupimit fashist përfshihet në LNÇ. Pasi është arrestuar nga policia bullgare në Veles në 19 dhjetor 1942, pas mundimeve të gjata në 4 janar 1943 është vrarë në Shkup. |
| **258.** | **Студентски демонстрации 11 март Demonstratat e studentëve 11 marsi** | Демонстациите од 11 март 1981 год. не се случајност во националната историја на албанците. Тие беа продолжение на нашето движење за слобода и национална независност. Тие ќе претставуваат значајна карика во обидите за ослободување на албанскиот народ во бивша Југославија. Demonstratat e 11 marsit të vitit 1981, nuk ishin rastësi në historinë tonë kombëtare. Ato kishin një vazhdimësi të lëvizjes sonë për liri dhe pavarësi kombëtare.Demonstratat do të paraqesin një çast të rëndësishëm në përpjekjet për çlirimin e popullit shqiptarë në ish Jugosllavi. |
| **259.** | **Теодора Косара Teodora Kosara** | Ќерка на цар Самоил . Летото 997 год. Цар Самоил ја покорува Дукља со која владеел младиот крал Владимир. Бидејќи не сакал да страда неговиот народ сам се предал. Во оков бил однесен во темни зандани во Преспа. После Цар Самоил заминал во освојување на нови територии додека кралот Владимир останал во затвор. По некое време Теодора Косара посакал да го види Владимир. Подоцна кога се вратил Цар Самоил таа го замолила да се ожени за Владимир. Бидејќи Цар Самоил знаел дека Владимир е од царско семејство го дозволил тоа. Цар Самоил му ја подарил земјата на неговите дедовци да владее со неа. Заедно со Теодора Косара живееле во Краина кај Скадарското езеро . По убиството на Владимир (22 мај) 4 јуни 1015 |

| | | |
|---|---|---|
| | | г., Теодора Косара се замонашува до својата смрт .<br>Vajza e Carit Samoil. Verën e vitit 997 Cari Samoil e ka mposhtur Duklën me të cilën ka sunduar mbreti i ri Vladimir. Pasi i njëjti nuk ka dashur që të pësojë populli i tij, vetë është dorëzuar. Është dërguar në burgje të errëta në Prespë. Më pas Cari Samoil ka shkuar në marrjen e territoreve të reja ndërsa mbreti Vladimir ka mbetur në burg. Pas një kohe Teodora Kosara ka shprehur dëshirë për të parë Vladimirin. Më pas kur Cari Samoil u kthye ajo e luti që të martohet me Vladimirin. Pasi Cari Samoil e ka ditur se Vladimiri është nga familje mbretërore e lejoi këtë. Cari Samoil i dhuroi tokën e të parëve të tij që të qeverisë me to së bashku me Teodora Kosara në Krainë tek liqeni Skadarevë. Pas vrasjes së Vladimirit (22 maj) 4 qershor 1015, Teodora Kosara bëhet murgeshë deri në vdekje. |
| **260.** | **Теохар Чаче<br>Teohar Çaçe** | Членови на *Времениот извршен совет* на Крушевската Република.<br>Anëtar të *Këshillit të përkohshëm ekzekutiv* të Republikës së Krushevës |
| **261.** | **Тиквешко востание<br>Kryengritja e Tikveshit** | Тиквешкото востание е прв организиран масовен народен вооружен отпор против српската власт којашто ја окупирала Вардарска Македонија по поразот на турските сили по Првата балканска војна. Востанието започнало на 19 јуни 1913 година во Тиквешијата и траело седум дена. Тиквешкото востание е самостојно дело на тиквешкото население, спонтано организирано и раководено од месните дејци, револуционери и војводи на Организацијата, а потпомогнато од четите на ВМРО.<br>Kryengritje e Tikveshit është përballja e parë e armatosur e organizuar kundër pushtetit serb i cili e okupoi Maqedoninë e Vardarit pas humbjes së fuqive turke pas Luftës së Parë Ballkanike. Kryengritja filloi më 19 qershor 1913, në Tikvesh dhe zgjati shtatë ditë. Kryengritja e Tikveshit është vepër e pavarur të popullsisë së Tikveshit, e organizuar spontanisht dhe e udhëhequr nga veprues të vendit, revolucionarë dhe vojvoda të Organizatës, dhe e ndihmuar nga çetat e VMRO. |

| | | |
|---|---|---|
| **262.** | **Тина Андреева Цвета**<br>**Tina Andreeva Cveta** | Катина (Тина)Андреева Кузманова псевдоним Цвета. (с.Мокрени, Костурско 1928 – врв Кулакатурја, над Црноглава Падина, на Неретската Планина, меѓу селата Нерет и Трсје, Леринско 1949)- воен командир и херој на ДАГ<br>Во врме на Втората светска војна била член на Грчката антифашистичка младинска организација ЕПОН. Псевдонимот Цвета го добила поради толкувањето на истоимениот лик во драмската претстава „Македонска крвава свадба“ од В.Чернодрински, издадена во с.Емборе, Кајларско (1944). Поради подоцнешното членување во НОМС и НОФ (од летото 1945),била уапсена и ѕверски мачена, но поради недостиг на докази била ослободена. Наскоро преминала во илегалност и станала борец на ДАГ (1946). Го посетувала курсот за подофицери во с.Котелци на планината Грамос (почетокот на 1947), а потоа како командир на вод учествувала во околу 90 борби на планината Вичо, на Грамос, кај Сињача, кај Коњица и на други места. Двапати била одликувана со Орден за храброст и е прогласена херој на ДАГ. Во нејзина чест бригадното раководство го покренало издавањето на весникот „Цвета“.<br>Katina (Tina) Andreeva Kuzmanova me pseudonim Cveta (f. Mokreni, Kostur 1928 – maja Kullakaturja, mbi Rrëzat e Crnogllavës, në Malin Meret, mes fshatrave Neret dhe Trsje, Florinë 1949) – komandant luftarak dhe hero në DAG. Gjatë Luftës së Dytë Botërore ka qenë anëtare e Organizatës së të rinjve grek antifashist EPON. Pseudonimin Cveta e ka marrë nga personazhi në dramën “Dasma e përgjakur maqedonase) nga V. Çernodrimski, e publikuar në f. Embore, Kaljarsko (1944). Për shkak të anëtarësimit më të vonshëm në NOMS dhe NOF (të verës 1945), është arrestuar dhe munduar, por për shkak të mungesës së dëshmive është liruar. Më pas ka kaluar në ilegalë dhe është bërë luftëtar në DAG (1946). E ka ndjekur kursin për nënoficer në f. Kotleci në malin Gramos ( në fillim të vitit 1947) dhe më mas është bërë komandant dhe ka marrë pjesë në rreth 90 luftime në malin Viço, të Gramosit, tek Sinjaça, tek Konjica dhe në vende tjera. Dy herë është shpërblyer me Titull për guxim dhe është shpallur hero i DAG. Në nder të saj udhëheqësit e brigadave e ngrenë iniciativën për publikimin e gazetës “Cveta. |
| **263.** | **Тирана**<br>**Tirana** | Тирана е прогласена за привремен главен град на Албанија на 9 септември 1920 на Конгресот во Љушња. Конечно, Тирана се прогласи за главен град на Албанија во 1925 година од страна на Уставната Асамблеја. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Tirana është shpallur si kryeqytet i përkohshëm i Shqipërisë më 9 shtator të vitit 1920 në Kongresin e Lushnjës. Përfundimisht, Tirana u shpall si kryeqytet i Shqipërisë në vitin 1925 nga ana e Asamblesë Kushtetuese. |
| **264.** | **Тихомир Милошевски Tihomir Miloshevski** | Тихомир Милошевски - Тиќо (Битуше, Гостиварско, 23 јули 1915 - Скопје, Социјалистичка Република Македонија, 1 април 1984), народен херој на Македонија. Беше генерал-полковник и прв командант на македонските воени единици во текот на НОВ на Македонија. Се пензионирал како Генерал-мајор на тогашната ЈНА (Југословенска народна армија). Прогласен е за Народен херој на 29 ноември 1953 година.<br>Tihomir Miloshevski - Tiqo (Bitushe, Gostivar, korrik 1915 - Shkup, Republika socialiste e Maqedonisë, 1 prill 1984), hero kombëtar i Maqedonisë. Ka qenë gjeneral – kolonel dhe komandant i parë i njësive ushtarake maqedonase gjatë LNÇ të Maqedonisë. Pensionohet si gjeneral – major i APJ (Armatës popullore jugosllave). Është shpallur Hero popullor në 19 nëntor 1953. |
| **265.** | **Тодор Александров Todor Aleksandrov** | Тодор Александров Поп-Орушов (Ново Село, 4 март 1881 – Сугарево, 31 август 1924) бил еден од водачите на ВМРО. Завршил Педагошко училиште во Скопје (1898), кога и се вклучил во ТМОРО. Бил учител и раководител на месните комитети во Кочани, Виница, Кратово, Ново Село и Штип, секретар на четата на штипскиот војвода Мише Развигоров (1905) и на кочанскиот околиски војвода Симеон Георгиев - Кочански (1907), окружен војвода на Скопскиот револуционерен округ (1907), член на ЦК на ВМОРО (1911), член во Штабот на III македонска бригада во Балканските војни и во Штабот на партизанската чета на III бригада на XI македонска дивизија во Првата светска војна.<br>По војната, заедно со Протогеров и Петар Чаулев, ја обновил организацијата под името ВМРО (1919) и во 1920 ја зацврстил во Пиринскиот дел на Македонија, каде што создал организациона и воена база и оттаму ги обновил оружените акции во Вардарскиот дел на Македонија.<br>Todor Aleksandrov Pop – Orushov (Novo Sellë, 4 mars 1881 – Sugarevo, 31 gusht 1924) ka qenë një nga udhëheqësit e VMRO. Ka përfunduar Shkollë pedagogjike në Shkup (1898), kur edhe u kyç në TMRO. Ka qenë mësues dhe drejtues i komiteteve vendore në Koçan, Vinicë, Kratovë, Novo Sellë dhe Shtip, sekretar i çetës së drejtuesit të rrethit të Koçanit Simeon Georgiev – Koçanski (1907), drejtues rrethi i Rrethit revolucionar të Shkupit |

| | | |
|---|---|---|
| | | (1907), anëtar i KQ të VMRO (1911), anëtar i Shtabit të brigadës së III maqedonase në Luftërat Ballkanike dhe në Shtabin e çetës partizane të brigadës së III të divizionit të XI maqedonas në Luftën e parë botërore. Pas luftës, së bashku me Protogerov dhe Petar Çaulev, e ka ripërtërirë organizatën me emrin VMRO (1919) dhe në vitin 1920 e ka forcuar në Pjesën e Maqedonisë të Pririnit, ku krijoi bazë organizative dhe ushtarake dhe prej aty i ripërtëriu aksionet ushtarake në Pjesën e Maqedonisë të Vardarit. |
| **266.** | **Тодор и Христо Поп Антови**<br><br>**Todor dhe Hristo Pop Antovi** | Тодор и Христо Поп Антови од Ваташа Кавадарци.Тодор Поп Антов бил член на Серскиот окружен револуционерен комитет и член на ЦК на ВМРО избран на Рилскиот конгрес заедно со Даме Груев и Пере Тошев. Брат му Христо дипломирал право во Лозана и специјализирал во Цариград. Бил судија во Скадар, Кутахија, Ѓјумурџина и Ксанти. Браќата Поп Антонови биле приврзаници за автономија на Македонија. „ Нашиот спас е само во автономија на Македонија“ бил нивниот став.<br>Todor dhe Hristo Pop Antovi nga Vatasha Kavadar. Todor Pop Antov ka qenë anëtar i Komitetit revolucionar të rrethit të Serit dhe anëtar i KQ të VMRO i zgjedhur në Kongresit të Rilit së bashku me Dame Gruev dhe Pere Toshev. I vëllai Hristo ka diplomuar drejtësi në Lozanë dhe i specializuar në Stamboll. Ka qenë gjyqtar në Shkodër, Kutahi, Gjumurxhi dhe Ksanti. Vëllezërit Pop Antonovi kanë qenë të lidhur me autonominë e Maqedonisë. “Shpëtimi jonë është vetëm autonomia e Maqedonisë” ka qenë qëndrimi i tyre. |
| **267.** | **Тодор Лазаров**<br>**Todor Llazarov** | Тодор Лазаров Хаџидмитриев бил македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, деец на Македонската револуционерна организација. Лазаров е роден 1869 година во градот Штип. Се разболел од туберкулоза и по избувнувањето на Првата балканска војна се самоубил.<br>Todor Llazarov Haxhidimitriv ka qenë revolucionar maqedonas, pjesëmarrës në lëvizjen maqedonase revolucionare, veprimtar i Organizatës revolucionare Maqedonase. Llazarov ka lindur në vitin 1869 në qytetin e Shtipit. Është sëmurur nga tuberkulozi dhe pas fillimit të Luftës së parë botërore ka vrarë veten. |
| **268.** | **Томас Џеферсон**<br>**Tomas Xheferson** | Роден е на 13.04.1743г., починал на 04.07.1826 год. Бил претседател на САД, познат е по тоа што ја напишал “Декларацијата на независноста”.<br>Ka lindur në 13.04.1743 dhe ka vdekur më 04.07.1826. Ai ka qenë kryetar i SHBA dhe i njohur se e ka shkruar “Deklaratën e pavarësisë”. |
| **269.** | | (1981-2007) – македонски пејач и една од најголемите ѕвезди на балканската сцена. Во 2004 година |

| | | |
|---|---|---|
| | **Тоше Проевски**<br>**Toshe Proevski** | прогласен за Амбасадор на Добрата волја на УНИЦЕФ. Постхумно прогласен за Заслужен граѓанин на Македонија.<br>(1981-2007) – këngëtar maqedonas dhe një nga yjet më të mëdha të skenës Ballkanike. Në vitin 2004 është shpallur Ambasador i Vullnetit të mirë të UNICEF. Pas vdekjes është shpallur qytetar nderi i Maqedonisë. |
| **270.** | **Трајко Попов**<br>**Trajko Popov** | Трајко Попов е роден во с. Раштак, Скопско, кој заедно со Борислав Градишки ја формираат организацијата " Бунт", во Скопје, на 30 мај 1938 година. Ова движење ја пропагира идејата за самостојна, обединета, суверена и парламентарна држава на македонскиот народ, народ дефиниран и издиференциран во сопственена македонска национална индивидуалност, спротивставувајќи се на антимакедонската асимилација спроведувана од српските, грчките, албанските и бугарските окупатори на Македонија. "Бунт" се бунтуваше и против југословенската заблуда во решавањето на македонското прашање, поради што во мај 1945 година во Скопје, беа затворени активисти на организацијата, репресирани и судени.Трајко Попов бил осуден на смрт и ликвидиран 1946 година.<br><br>Trajko Popov ka lindur në f. Rashtak, Shkup, i cili së bashku me Borisllav Gradishki e formojnë organizatën "Bunt", në Shkup, në 30 maj 1938. Kjo lëvizje shpreh idenë për shtet të pavarur, të bashkuar, sovran dhe parlamentar të popullit maqedonas, popull i definuar dhe i diferencuar në individualitetin kombëtar maqedonas, duke kundërshtuar asimilimin antimaqedonas të zhvilluar nga okupatorët serb, grek, shqiptar dhe bullgar në Maqedoni. "Bunt" rebelohej edhe kundër hamendjeve jugosllave në zgjidhjen e çështjes maqedonase, dhe për këtë shkak në maj të vitit 1945 në Shkup, u mbyllën aktivistët e organizatës dhe u gjykuan.  Trajko Popov u dënua me vdekje dhe u likuidua në vitin 1946. |
| **271.** | **Тургут Озал**<br>**Turgut Ozall** | |
| **272.** | **Ќемал Скендери**<br>**Qemal Skenderi** | Ќемал Скендери верувал дека само со вистинска демократија на европските модели може да имаме национална благосостојба. Основното образование и верска наука „Хафис“ ги заврши во родното место. Во 1945 год. е избран за член на Централниот комитет на |

| | | |
|---|---|---|
| | | Албанската национал-демократска организација. На Конгресот на ова организација одржан на 1 јули 1946 год. во Скопје, е избран за заменик претседател на Централниот комитет на Албанската национал-демократска организација. Притворен е во август 1946 год., а судскиот процес се одвива на 26 јануари-7 февруари 1946 год. Окружниот суд во Скопје го осудува со смрт-екзекуција. Оваа решение подоцна се заменува со 20 години затвор, што ги одлежува до крајот. Почина во Скопје 1996 год.<br><br>Qemal Skenderi ka besuar se vetëm me demokraci të vërtetë sipas modeleve evropiane, mund të kemi mirëqenie kombëtare. Arsimin fillor dhe titullin fetar “Hafis” i ka përfunduar në vendlindje. Në vitin 1945 ai emërohet si anëtar i Komitetit qendror të Organizatës demokratike kombëtare shqiptare. Në Kongresin e kësaj organizate të mbajtur më 1 korrik të vitit 1946 në Shkup,ai u zgjodh si zëvendës kryetar i Komitetit qendror të Organizatës demokratike kombëtare shqiptare. Ai u arrestua në muajin gusht të vitit 1946. Gjykata qarkore në Shkup e gjykoi me vdekje – ekzekutim. Ky vendim më vonë u zëvendësua me 20 vite burg, të cilin e mbajti deri në fund. Ai vdiq në Shkup në vitin 1996. |
| **273.** | **Уфе Елеман Јенсен**<br><br>**Ufe Eleman Jansen** | Дански министер за надворешни работи во раните 90-ти, голем застапник за независноста и признавањето на РМ.<br><br>Ministër danez për punë të jashtme në vitet e para të viteve të 90-ta, përfaqësues për pavarësinë dhe pranimin e RM. |
| **274.** | **Фаик Коница**<br>**Faik Konica** | Албански писатател (1875-1942). Нема објавно многу дела, меѓутоа неговото влијание е големо во албанската литература, се истакнал како стилист и критичар.<br><br>Shkrimtar shqiptar (1875-1942). Ai nuk ka botuar shumë vepra, megjithatë ndikimi i tij është i madh në letërsinë shqipe, ai është një stilist dhe kritik i dalluar. |
| **275.** | **Фан Ноли**<br>**Fan Noli** | Фан Ноли (06,01,1882- 13,03,1965).Американско – Албански писател, професор, дипломат, политичар, говорник и премиер на Албанија во 1924 година. Во 1908 одина започнува студии на Хардвард и ги завршува 1912 година. Ја шири албанската култура низ целиот свет и се бори за истата. Фан Ноли е на аверсот на парата од 100 лека испечатена во 1996 |

| | | |
|---|---|---|
| | | година.<br>Fan Noli (06,01,1882- 13,03,1965). Shkrimtar amerikano – shqiptarë, profesor, diplomat, politikan, orator dhe kryeministër i Shqipërisë në vitin 1924. Në vitin 1908 ai i fillon studimet në Harvard dhe i përfundon në vitin 1912. Ai kontribuoi për përhapjen e kulturës shqiptare anembanë botës dhe luftoi për të. Fan Noli qëndron në monedhën prej 100 lekëve të botuar në vitin 1996. |
| 276. | **Ферид Мурати**<br>**Ferid Murati** | Ферид Мурати е роден на 14 септември 1936 година. Албанско-американски фармаколог и добитник на Нобеловата награда за медицина во 1998 година. Тој е почесен член на Академијата за наука и уметност на Косово.<br><br>Ferid Murati ka lindur më 14 shtator të vitit 1936. Ai është një farmakolog shqiptaro – amerikan dhe fitues i Çmimit Nobël për mjekësi në vitin 1998. Ai është anëtar nderi i Akademisë së shkencave dhe arteve të Kosovës. |
| 277. | **Филип II**<br>**Filipi i II -të** | Филип II Македонски (382 п.н.е.- октомври 336 п.н.е.) крал на Кралството Македонија од 359 п.н.е. до 336 п.н.е. Татко на Александар Македонски од бракот со Олимпија, како и на Филип III Аридеј од бракот со Филина од Лариса. Во негово време започнал периодот на големиот подем на македонската држава.<br>Filipi i II i Maqedonisë (382 p.e.s - tetor 336 p.e.s) mbret i mbretërisë së Maqedonisë prej 359 p.e.s Ka qenë baba i Aleksandërit të Madh nga martesa me Olimpinë, si dhe i Filipit të III Aridej nga martesa me Filinë nga Llarisa. Në kohën e tij ka filluar periudha e rritjes së madhe e shtetit të Maqedonisë. |
| 278. | **Филип Втори Македонски**<br>**Filipi i II i Maqedonisë** | Филип II Македонски (382 п.н.е. - октомври 336 п.н.е.) крал на Кралството Македонија од 359 п.н.е. до 336 п.н.е. Татко на Александар Македонски од бракот со Олимпија, како и на Филип III Аридеј од бракот со Филина од Лариса. Во негово време започнал периодот на големиот подем на македонската држава.<br>Filipi i II i Maqedonisë (382 p.e.s. - tetor 336 p.e.s.) ka udhëhequr me Mbretërinë Maqedonase deri në vitin 336 p.e.s. ka qenë babai i Aleksandërit të Maqedonisë nga martesa me Olimpinë, si dhe i Filipit të III Aridej nga martesa me Filinën nga Larisa. Në periudhën e tij filloi ngritja e madhe e shtetit maqedonas. |
| 279. | **Фридрих Хаек**<br>**Fridrih Haek** | Фридрих Хаек (08.05.1899-23.03.1992) . Австриски економист и филозоф, познат по своите ставови за одбрана на класичниот либерализам и слободниот пазар. Највлијателен член на австриската економска школа. Добитник на Меморијална нобелова награда за економија во 1974 година заедно со Гунар Мирдал.<br>Fridrih Haek (08.05.1899-23.03.1992) . ekonomist austriak dhe filozof, i njohur për qëndrimet e tij për |

| | | |
|---|---|---|
| | | mbrojtjen e liberalizimit klasik dhe tregut të lirë. Anëtari me ndikim në shkollën austriake ekonomike. Fitues i Çmimit memorial Nobël për Ekonomi në vitin 1974 së bashku me Gunar Mirdal. |
| **280.** | **Хасан Приштина<br>Hasan Prishtina** | Хасан Приштина бил еден од најистакнатите личности на Албанското национално движење. Овој истакнат идеолог и неуморен предводник на сеопштото востание за независноста на албанските територии, сето богатство што го имал во Скопје го дал за албанската кауза. Според многуте извори слободно можеме да констатираме дека неговата воена дејност за време на месеците мај-август 1912 год. го подготви објавувањето на Независна Албанија на 28 ноември 1912 год. Хасан Приштина ќе им предложи на раководителите на ВМРО заедничка албанско-македонска борба за ослободување од Отоманската империја.<br>Hasan Prishtina ishte njëri prej personaliteteve më eminente të Lëvizjes kombëtare shqiptare. Ky ideolog i spikatur dhe njëherit një udhëheqës i palodhshëm i kryengritjes së gjithëmbarshme për pavarësi të territoreve shqiptare, tërë pasurinë që kishte në Shkup e dhuroi për kauzën shqiptare. Sipas burimeve të shumta, lirshëm mund të konstatojmë se veprimtaria e tij luftarake gjatë kohës së muajve maj – gusht 1912 ishte para përgatitje për shpalljen e pavarësisë së Shqipërisë më 28 nëntor 1912. Hasan Prishtina do tu propozojë udhëheqësve të VMRO – DPMNE-së luftë të përbashkët shqiptaro – maqedonase për çlirimin nga perandoria osmane. |
| **281.** | **Хeронеја<br>Heroneja** | Битката кај Хероneја (338 п.н.е.), се одиграла близу Херонеја, во Беотија и била најголемата победа на Филип II Македонски. Таму Македонците и Тесалијците под командата на Филип (со 32,000 војска) ги поразиле помалите комбинирани сили на Атина и Теба.<br><br>Beteja tek Heroneja (338 p.e.s), u zhvillua afër Heronejës, në Beoti dhe ka qenë ngadhënjimi më i madh i Filipit të II të Maqedonisë. Atje Maqedonasit dhe Thesalinjtë nën komandën e Filipit ( me 32,000 ushtri) i mundën fuqitë e kombinuara të Athinës dhe Tebës. |
| **282.** | **Христо Батанџиев<br>Hristo Batanxhiev** | (Гуменџе, Ениџевардарско, 1865-Егејско море 1913) – еден од основоположниците на МРО, член на Централниот комитет. Во Втората балканска војна грчките војски го уапсиле во Солун. При интернирањето кон островот Трикери бил мачен и бил фрлен во морето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | (Gumence, Enixhevardarsko,1865-Deti Egje 1913) – një nga themeluesit e ORM, anëtar i Komitetit qendror. Në Luftën e dytë Ballkanike ushtria greke e arrestoi në Selanik. Gjatë internimit drejt ishullit Trikeri është munduar dhe është hedhur në det. |
| **283.** | **Христо Куслев<br>Hristo Kuslev** | Роден е во Кукуш во 1877 година. Завршил гимназија во Солун и извесно време работел како учител. Рано се вклучил во национално-ослободителната борба на македонскиот народ и тоа најнапред како комита, а потоа, како војвода во Струмичко. Бил близок другар на Гоце Делчев и заедно со него ја обиколувал Македонија.<br>I lindur në vitin 1877. Ka përfunduar gjimnazin në Selanik dhe një periudhë ka punuar si mësues. Herët u përfshi në luftën nacionalçlirimtare të popullit maqedonas edhe atë në fillim si komit, e më pas si vojvodë në Strumicë. Ka qenë mik i ngushtë i  Goce Dellevit dhe së bashku me të e kanë vizituar gjithë Maqedoninë. |
| **284.** | **Христо Ќуркчиев<br>Hristo Qurkçiev** | Христо Ќуркчиев е прв градоначалник и одговорен за редот и за безбедноста во Привремената управа на Крушевската Република.<br>Hristo Qurkçiev është kryetari i parë i komunës dhe përgjegjës për rendin dhe për sigurinë e Udhëheqjes së përkohshme të Republikës së Krushevës. |
| **285.** | **Цар Константин<br>Cari Konstantin** | Цар Константин бил син и наследник на цезарот Констанциј Флор, владеел со Римската империја од 306 година, а од 324 година до 337 година единствен император на Империјата.<br><br>Cari Konstantin ka qenë djalë dhe trashëgimtar i Cezarit Konstancij Flor, udhëheqës i Perandorisë Romake nga viti 306, kurse nga viti 324 deri në vitin 337 Perandori i Vetëm i Perandorisë. |
| **286.** | **Цветко Трајков<br>Cvetko Trajkov** | Цветко Трајков е македонски револуционер - анархист, член на Гемиџиите и учесник во Солунските атентати. Со цел да го изрази нездаоволството за состојбата на македонскиот народ, сам се разнеле пред очите на валијата.<br><br>Cvetko Trajkov është revolucionar maqedonas, anëtar i Gemixhinjve dhe pjesëmarrës në Atentatet e Selanikut. Me qëllim që të shprehë pakënaqësinë për gjendjen e popullit maqedonas, vetë u hodh në zjarr para syve të valiut. |
| **287.** | **Цеко Грклански<br>Ceko Grklanski** | Роден во с. Грлани. Виничко. Бајрактар (знаменосец) во четата на Иљо Малешевски. Бил фатен од аскерот и кога сакале да го водат во зандани го врзале со синџири. Бил толку многу силен што ги скинал синџирите и побегнал, но бил престигнат од коњаниците и  со сабји изboден,  исечен, а потоа |

| | | |
|---|---|---|
| | | обесен мртов на јавно место. Тоа се случило 1860 година.<br>I lindur në f. Grlan, Vinicë. Bajraktar (mbajtës i flamurit) në çetën e Iljo Maleshevskit. Është kapur nga asqerët dhe kur deshën ta hedhin në burg e lidhën me zinxhirë. Ka qenë aq i fortë që i ka këputur zinxhirët dhe ka ikur, por është arritur nga kalorësit dhe është sulmuar dhe varur i vdekur në vend publik. Kjo ka ndodhur në vitin 1860. |
| **288.** | **Џорџ Буш<br>Xhorxh Bush** | Џорџ Вокер Буш е 43-от претседател на САД. Неговиот прв мандат започнал на 20 јануари 2001 и на таа функција останува до 2009 година.<br>Xhorxh Uoker Bush është presidenti i 43-të i SHBA. Mandati i tij ka filluar më 20 në vitin 2001 dhe në atë funksion ka qëndruar deri në vitin 2009. |
| **289.** | **Шаип Јусуф<br>Shaip Jusuf** | Автор на првата Ромска граматика со Круме Кепески во 1980 година.<br>Autor i gramatikës së parë Rome me Krume Kepeski në vitin 1980. |
| **290.** | **Шарл Де Гол<br>Sharl De Gol** | (22 ноември 1890 - Коломбеј, 9 ноември 1970) е француски генерал и државник, претседател на Петтата Француска Република од 1959 година, голем светски политичар и борец против фашизмот. Како претседател го признава правото на Алжирскиот народ за самоопределување и му овозможува со спогодбата во Евијан (во 1962 г.), да ја заврши седумгодишната војна. Истовремено со стабилизацијата на економската политика во земјата, ја поведе Франција на патот за самостојана надворешна политика и ги повлече француските сили од Атлантскиот пакт.<br>(nëntor 1890 - Kolombej, 9 nëntor 1970) është gjeneral francez dhe pushtetar, kryetar i Republikës së Pestë Franceze nga viti 1959, politikan i shquar botëror dhe luftëtar i madh kundër fashizmit. Si kryetar e pranoi të drejtën e Popullit Alzhirian për vetëpërcaktim dhe ju mundësoi marrëveshje në Evijan ( në vitin 1962) që të përfundojë luftën shtatëvjeçare. Njëkohësisht me stabilizimin e politikës ekonomike në vend e çoi Francën në rrugën e politikës së jashtme të pavarur dhe i tërhoqi forcat franceze nga Pakti Atlantik. |

Број 07- 1609/1
23 март 2012 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TËSHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ, KRYETAR
м-р Ирена Мишева мr. Irena Misheva